EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS
COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME

ВТОР ОДДЕЛ

СЛУЧАЈ ТАЛЕСКИ И ДРУГИ против СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

(Апликации бр. 34261/23 и 7877/24)

ПРЕСУДА

Чл. 6 § 1 (кривична постапка) • Правично судење • Законодавна интервенција со ретроактивно дејство со која се овозможува поништување на претседателските помилувања доделени на подносителите на барањата и продолжување на кривичните постапки што довеле до нивна осуда • Начелата на правна сигурност и владеењето на правото не се повредени • Во конкретните околности на случајот, законодавната интервенција се темели на убедливи причини од општ интерес • Помилувањата, издадени врз основа на одредба која престанала да биде дел од домашниот правен поредок, се оптоварени со суштински (фундаментален) недостаток • Помилувањата ослободиле сериозни незаконитости од надзор, со што се поткопува владеењето на правото • Потреба од одржување на одговорноста на јавните функционери и обезбедување тие да не бидат ставени над законот • Законодавната интервенција била предвидлива • Отсуство на какво било дејство на *res judicata* што произлегува од поништувањата • Тежината на ситуацијата и последователната политичка криза ја оправдуваат донесената исклучителна законодавна мерка насочена кон мал број лица со цел воспоставување на владеењето на правото • Отстапувањето од начелото на правна сигурност е оправдано

Чл. 6 § 1 (кривична постапка) • Правично судење • Неправилно доставување примерок од поднесоците на Високиот јавен обвинител до двајца од подносителите во жалбената постапка, со што е повредено нивното право на контрадикторна постапка • Следени заклучоците во предметот *Bosak and others v. Croatia* • На одбраната би ѝ бил наметнат непропорционален товар доколку нејзиното запознавање со забелешките на обвинителството целосно зависи од нејзиното присуство на жалбената расправа и тоа не мора нужно да обезбеди реална можност да се произнесе по нив • Постапката за вонреден правен лек не ги отстранила недостатоците во жалбената постапка што произлегуваат од недоставувањето на поднесоците на Високиот јавен обвинител

Подготвено од Секретаријатот. Не го обврзува Судот.

СТРАЗБУР

23 јуни 2026 година

Оваа пресуда ќе стане правосилна во околностите утврдени во членот 44 § 2 од Конвенцијата. Таа може да биде предмет на редакциски измени.

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Во случајот Талески и Други против Северна Македонија,

Европскиот суд за човекови права (Втор оддел), заседавајќи во совет во состав:

Arnfinn Bårdsen*, Претседател*,
Saadet Yüksel,
Péter Paczolay,
Oddný Mjöll Arnardóttir,
Gediminas Sagatys,
Stéphane Pisani,
Juha Lavapuro*, судии*,

и Andrea Tamietti, *регистратор на Одделот,*

имајќи ги предвид:

апликациите (бр. 34261/23 и 7877/24) против Република Северна Македонија, поднесена до Судот согласно со член 34 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи („Конвенцијата“) од страна на тројца државјани на Република Северна Македонија наведени во табелата во прилог („подносителите на апликацијата“), на соодветно наведените датуми;

одлуката да се достават на знаење до Владата на Северна Македонија („Владата“) поплаките кои се однесуваат на неколку наводни повреди на гаранциите за правично судење и да се прогласи за недопуштен преостанатиот дел од апликацијата бр. 34261/23;

забелешките на странките;

повлекувањето на судијата Јован Илиевски, судијата избран за Северна Македонија, од учеството во предметот (Правило 28 § 3 од Деловникот на Судот) и одлуката на претседателот на Советот да ја назначи судијката Одни Мјел Арнардотир (Oddný Mjöll Arnardóttir) да заседава како *ad hoc* судија (член 26 § 4 од Конвенцијата и Правило 29 од Деловникот на Судот);

Откако советувал на затворена седница на 26 мај 2026 година, ја донесе следнава пресуда, која беше усвоена на тој датум:

ВОВЕД

1. Случајот се однесува на законодавна интервенција која влијае врз кривичните постапки против подносителите на апликацијата, со која се овозможи поништување на претседателските помилувања доделени на нив и нивна последователна осуда. Исто така, се покренуваат прашања во врска со наводниот недостаток на непристрасност на Врховниот суд, конкретно учеството на судија кој претходно дал јавни изјави во однос на предметите на подносителите. На крај, случајот се однесува на недоставувањето до двајца од подносителите на примерок од поднесоците на високиот јавен обвинител во жалбената постапка.

ФАКТИ

2. Подносителите биле застапувани од г-дин В. Илиевски, адвокат кој работи во Скопје. Г-дин Владимир Талески („првиот подносител“) ја поднел апликацијата бр. 34261/23, додека пак, г-дин Миле Јанакиески („вториот подносител“) и г-дин Коста Митровски („третиот подносител“) ја поднеле апликацијата бр. 7877/24. Нивните години на раѓање и местата на живеење се наведени во приложената табела.

3. Владата била застапувана од својот агент, г-ѓа Д. Џонова.

4. Фактите на случајот можат да се сумираат како што следува.

I. КОНТЕКСТ НА СЛУЧАЈОТ

5. За да се добие подобар контекст во однос на случајот, види *Taleski and Others v. North Macedonia* (одлука), бр. 77796/17 и 5 други, §§ 4-25, 24 јануари 2023 година).

6. Сите тројца подносители биле членови на тогашната владејачка политичка партија *Внатрешно-Македонска Револуционерна Организација - Демократска Партија за Македонско Национално Единство* - „ВМРО-ДПМНЕ“.

II. ИЗЈАВИ НА СУДИЈАТА М.Л.Т.

7. На 12 април 2016 година претседателот И. (избран како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ) издал 51 поединечно помилување придружени со 107 поединечни решенија со кои 56 лица, вклучително и подносителите, се ослободуваат од кривично гонење во врска со конкретните наводни кривични дела наведени во решенијата (за повеќе детали, види *Taleski and Others*, наведен погоре, §§ 9 и 12). Во однос на подносителите, помилувањата и решенијата се однесувале на следните кривични дела: злоупотреба на службена положба и овластување и разни изборни кривични дела (види параграфи 13, 33 і 34 подолу).

8. На 6 и 15 мај 2016 година судијата М.Л.Т. дала јавни изјави во врска со одлуките за помилување донесени од Претседателот на 12 април 2016 година. Таа изјавила дека одлуката на Претседателот за доделување колективно помилување на 56 лица била невообичаена, со карактеристики на амнестија наместо на помилување. Таа нагласила дека, согласно Уставот, овластувањето за давање амнестија му припаѓа исклучиво на Собранието и не спаѓа во надлежност на Претседателот. Таа понатаму изјавила дека колективните мерки од ваков вид не се усогласени со начелата на парламентарна демократија и разумно може да се сметаат за дискриминаторски. Таа го повикала Уставниот суд да „се произнесе по прашањето за евентуално пречекорување на уставните овластувања односно ингеренции на Претседателот“ и да го

реши судирот на надлежности меѓу извршната и законодавната власт. Таа заклучила дека одлуката на Претседателот нанела сериозен удар врз веќе кревкиот правен систем.

9. Во февруари 2020 година судијата М.Л.Т. била назначена за судија на Врховниот суд.

10. На 2 ноември 2022 година судијата М.Л.Т. дала телевизиско интервју. Таа изјавила, меѓу другото, дека одлуките за помилување од 2016 година повеќе наликувале на амнестија отколку на поединечни помилувања. Таа исто така ја анализирала пресудата на Судот во предметот *Lexa v. Slovakia* (бр. 54334/00, 23 септември 2008 година). Понатаму изјавила дека клучното прашање е дали член 11 од Законот за помилување од 1993 година (види параграф 55 подолу) бил во сила во времето кога биле доделени помилувањата. Објаснила дека во тој момент не може да даде одговор на тоа прашање и дека не сака однапред да се произнесува за неговото судско разрешување, притоа истакнувајќи дека Уставниот суд не може да ја преземе улогата на законодавецот со повторно воведување во правниот поредок на законска одредба која претходно била укината. Таа одбила понатаму да се впушта во анализа на тоа прашање.

11. Во согласност со годишните распореди за работа на Врховниот суд за 2023 и 2024 година, пет судии биле распределени во Кривичниот оддел на Врховниот суд, меѓу кои и судијата М.Л.Т. Годишните распореди за работа биле објавени на официјалната веб-страница на Врховниот суд.

III. КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ ПОДНОСИТЕЛИТЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

A. Првиот подносител, г-дин Талески (апликација бр. 34261/23)

12. Од 2005 до 2017 година првиот подносител бил градоначалник на Битола. Тој бил осомничен за местење на постапката за јавни набавки за договори за превоз на ученици (познат како предметот „Транспортер“).

1. Претседателско помилување и неговото поништување

13. На 12 април 2016 година Претседателот донел одлука со која го ослободува првиот подносител од кривично гонење за злоупотреба на службена положба и овластување (член 353 од Кривичниот законик), поведено пред битолското јавно обвинителство и подоцна префрлено во Специјалното јавно обвинителство („СЈО“, види *Taleski and Others*, наведен погоре, § 8). Со истата одлука, Претседателот му доделил помилување за истото кривично дело (види параграф 7 погоре).

Одлуката се засновала на членовите 1 и 11 од Законот за помилување од 1993 година (види параграф 55 подолу).

14. На 18 април 2016 година првиот подносител доставил писмено барање до Претседателот за поништување на помилувањето кое му било доделено, наведувајќи дека сака да ја докаже својата невиност.

15. На 12 мај 2016 година првиот подносител побарал од СЈО да ја прекине истражната постапка поради претседателското помилување кое му било доделено. Во отсуство на каков било одговор, на 18 мај 2016 година тој поднел претставка до Советот на јавни обвинители, наведувајќи дека СЈО го прекршило законот со тоа што не ја прекинало истражната постапка. Тој исто така изјавил дека на 17 мај 2016 година СЈО усно го известило дека не е донесена одлука за прекинување на истражната постапка.

16. На 27 мај 2016 година, согласно Законот за помилување од 2016 година (види параграф 60 подолу), Претседателот ја прогласил одлуката за помилување во однос на првиот подносител за ништовна односно ја поништил.

2. Отворање истрага и донесување првостепена пресуда

17. Поради сомнение за злоупотреба на службената положба и овластување, на 2 јуни 2016 година СЈО отворило истражна постапка против првиот подносител.

18. На 9 јуни 2016 година, како одговор на барањето на првиот подносител од 12 мај 2016 година (види параграф 15 погоре), СЈО навело дека во моментот на доделување на помилувањето не постоела тековна истрага и дека, соодветно, не било потребно донесување одлука за нејзино прекинување.

19. Истиот ден СЈО побарало од првостепениот суд на првиот подносител да му биде определена мерка притвор во текот на истрагата, истакнувајќи дека помилувањето што му било доделено е поништено (види параграф 16 погоре). Со решение од 16 јуни 2016 година, тричлен совет на првостепениот суд му определил мерка куќен притвор на првиот подносител, која била потврдена во жалбена постапка на 27 јуни 2016 година. Куќниот притвор, кој бил продолжен во два наврати и траел до 19 септември 2016 година, бил определен поради опасност од бегство, попречување на истрагата или повторување на кривичното дело. Во своите усни излагања пред првостепениот и апелациониот суд на 13 и 27 јуни 2016 година, соодветно, првиот подносител се повикал на тоа дека СЈО не го земало предвид помилувањето што му било доделено и не ја прекинало истражната постапка по тој основ. Меѓутоа, тој изречно не побарал судот да утврди дека мерката куќен притвор е незаконита поради тие причини. Во жалбите поднесени против решенијата за продолжување

на куќниот притвор, првиот подносител воопшто не се повикал на помилувањето што му било доделено.

20. На 13 јуни 2016 година првиот подносител побарал од првостепениот суд да утврди, согласно член 290 од Законот за кривична постапка (види параграф 65 подолу), дека СЈО го прекршило законот со тоа што не ја прекинало постапката поради помилувањето што му било доделено. Тој се повикал на прес-конференција од 3 јуни 2016 година на која СЈО потврдило дека не ја прекинало истражната постапка. На 6 април 2017 година судија за претходна постапка на првостепениот суд го отфрлил тоа барање како ненавремено, сметајќи дека осумдневниот рок предвиден во член 290 од Законот за кривична постапка започнал да тече на 17 мај 2016 година. Тоа решение било потврдено по жалба поднесена на 9 мај 2017 година.

21. На 5 април 2017 година СЈО поднело обвинение против првиот подносител за злоупотреба на службената положба и овластување. На 23 мај 2017 година тој поднел приговор против обвинението, повикувајќи се на член 118 од Уставот (види параграф 53 подолу), Конвенцијата и судската пракса на Судот (при што се повикал на предметот *Lexa*, наведен погоре). Тој навел дека, согласно законодавството кое било во сила во времето кога му било доделено помилувањето, тоа не можело да биде поништено. Следствено, помилувањето му стекнало неотповикливо право да не биде кривично гонет ниту суден за кривичното дело на кое се однесувало. Последователното поништување на тоа помилување согласно Законот за помилување од 2016 година - со кој била воведена можноста за ретроактивно поништување - претставувало повреда на Конвенцијата, која имала директна примена.

22. На 5 јуни 2017 година тричлен совет на првостепениот суд го одбил приговорот против обвинението како неоснован, при што одлуката била конечна, со образложение дека помилувањето било поништено.

23. Во текот на судењето, првиот подносител тврдел дека неговото кривично гонење било исклучено поради претседателското помилување, кое според законодавството што било во сила во тоа време било конечно и неотповикливо. Според него, последователното поништување на помилувањето било неуставно, спротивно на начелото на правна сигурност и на судската пракса на Судот. Измените на Законот за помилување со кои се овозможило поништување на помилувањата биле донесени откако нему веќе му било доделено помилувањето. Овие измени биле применети ретроактивно на негова штета, што било спротивно на начелото дека кривичното право не може да се применува на начин што ја влошува правната положба на обвинетиот.

24. На 31 март 2020 година првостепениот суд го осудил првиот подносител и му изрекол казна затвор од осум години. На неговите аргументи за постоење на помилување, судот навел дека истото било поништено согласно Законот за помилување од 2016 година (види параграф 16 погоре).

3. Жалба на првиот подносител

25. На 16 и 20 јули 2020 година првиот подносител поднел жалба против пресудата, тврдејќи, меѓу другото, дека помилувањето што му било доделено било неотповикливо и дека органите на кривичното гонење биле законски обврзани да ја прекинат кривичната постапка против него (види резиме на релевантните одредби од домашното право во параграфите 64 и 66 подолу). Понатаму, тој тврдел дека одлуката за поништување требало да биде занемарена бидејќи била донесена врз основа на Законот за помилување од 2016 година, кој бил ретроактивно применет на негова штета. На крајот, тој тврдел дека неговото кривично гонење и судење биле спротивни на судската пракса на Судот во однос на слични ситуации (при што се повикал на предметот *Lexa*, наведен погоре).

26. На 8 април 2022 година Апелациониот суд во Скопје (во натамошниот текст „Апелациониот суд“) ја потврдил пресудата, при што казната ја намалил на седум години затвор. Судот навел дека по поништувањето на помилувањето, истото не можело да влијае врз исходот на постапката.

4. Барање на првиот подносител за вонредно преиспитување

27. На 22 март 2023 година првиот подносител поднел барање до Врховниот суд за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, повикувајќи се на истите аргументи што ги изнел во жалбената постапка (види параграф 25 погоре).

28. На 26 јуни 2023 година Врховниот суд, заседавајќи во совет од пет судии, меѓу кои и судијата М.Л.Т., ја потврдил осудителната пресуда против првиот подносител. Судот утврдил дека помилувањето, по својата суштина, претставувало обид за давање амнестија, овластување што исклучиво му припаѓа на Собранието, и дека, следствено на тоа, Претседателот постапил целосно без правен основ и без правно дејство. Помилувањето, засновано на член 11 од Законот за помилување од 1993 година (види параграф 55 подолу), било поништено *ab initio*, бидејќи таа одредба престанала да биде дел од правниот поредок, што било потврдено од Законодавно-правната комисија на Собранието (види параграф 59 подолу) и од судската пракса на Уставниот суд (види параграф 69 подолу). Првиот подносител поднел писмено барање до Претседателот за поништување

на помилувањето што му било доделено (види параграф 14 погоре), по што Претседателот го поништил помилувањето согласно Законот за помилување од 2016 година (види параграф 16 погоре; при што било упатено на одлуките на Уставниот суд во слични предмети сумирани во параграфите 62, 63 и 68 подолу). Врховниот суд понатаму утврдил дека во предметот *Lexa* (наведен погоре) не постоел спор во однос на важноста на амнестијата, што го разликувало тој предмет од случајот на првиот подносител, каде што помилувањето било доделено без каков било правен основ. Судот заклучил дека помилувањето немало никакво правно дејство, бидејќи било доделено врз основа на член 11 од Законот за помилување од 1993 година, одредба која во релевантниот период престанала да биде дел од правниот поредок. Потоа Судот го заклучил следново:

> „Според тоа, наводот на одбраната дека одлуката за поништување на помилувањето ретроактивно и на штета на осуденото лице влијаела врз неговите права е неоснован. Осуденото лице никогаш не стекнало право да биде ослободено од кривично гонење, бидејќи помилувањето немало законски основ и, следствено на тоа, не произведувало никакво правно дејство.“

29. Првиот подносител примил примерок од пресудата на Врховниот суд на 17 јули 2023 година.

30. Поради здравствената состојба и доброто однесување, на 25 јули 2024 година првостепениот суд донел одлука за условно ослободување на првиот подносител и негово ставање на пробација до 30 декември 2026 година. Таа одлука била потврдена по жалба на 2 октомври 2024 година, при што апелациониот суд навел дека тој ќе биде ослободен на 2 јуни 2025 година.

31. На 21 октомври 2024 година Претседателот му доделил помилување на првиот подносител и го ослободил од издржување на остатокот од казната.

Б. Вториот и третиот подносител, г-дин Јанакиески и г-дин Митровски (апликација бр. 7877/24)

32. Од август 2006 до мај 2015 година вториот подносител ја извршувал функцијата министер за транспорт. Третиот подносител бил јавен функционер и истовремено претседавал со локалната изборна комисија на општина Центар за време на локалните избори одржани од 27 март до 7 април 2013 година.

5. Отворањето истрага, претседателските помилувања и нивното поништување

33. На 12 февруари 2016 година СЈО отворило истражна постапка против вториот и третиот подносител поради сомнение за повеќекратни изборни кривични дела (предмет познат под името

„Титаник 1“). Вториот подносител бил, меѓу другото, осомничен за злосторничко здружување (член 394 § 1 од Кривичниот законик), додека и тој и третиот подносител биле осомничени за фалсификување или уништување на изборни документи (член 164 § 2 од Кривичниот законик).

34. На 12 април 2016 година Претседателот донел одлука со која вториот и третиот подносител се ослободуваат од кривично гонење и им доделил помилување за кривичните дела наведени во параграф 33 погоре (види параграф 7 погоре). Други одлуки за ослободување од кривично гонење донесени во однос на вториот подносител се однесувале и на други кривични дела - односно кривични постапки кои првично биле поведени пред скопското јавно обвинителство или пред Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, а кои подоцна биле пренесени во СЈО - особено делото повреда на избирачкото право согласно член 160 од Кривичниот законик. Сите овие одлуки се засновале на членовите 1 и 11 од Законот за помилување од 1993 година (види параграф 55 подолу).

35. На 18 мај 2016 година вториот и третиот подносител поднеле претставка до Советот на јавни обвинители. Тие навеле дека побарале од СЈО да ја прекине истражната постапка поради претседателските помилувања кои им биле доделени, но не добиле никаков одговор. Тие понатаму се пожалиле дека со тоа што не ја прекинало истражната постапка СЈО го прекршило член 304 од Законот за кривична постапка (види параграф 66 подолу).

36. На 27 мај 2016 година, согласно Законот за помилување од 2016 година (види параграф 60 подолу), Претседателот ги прогласил одлуките за помилување во однос на вториот и третиот подносител за ништовни односно ги поништил.

37. Со писмо од 8 јули 2016 година Советот на јавни обвинители одговорил на претставката на подносителите од 18 мај 2016 година (види параграф 35 погоре), наведувајќи дека, имајќи ги предвид одлуките за поништување усвоени од Претседателот на 27 мај 2016 година, фактот што СЈО не ги отфрлило обвиненијата или не ја прекинало истражната постапка не претставува повреда на нивните права.

38. Во меѓувреме, на 13 јуни 2016 година вториот и третиот подносител побарале од првостепениот суд да утврди, согласно член 290 од Законот за кривична постапка (види параграф 65 подолу), дека со тоа што не ја прекинало постапката поради доделените помилувања СЈО го прекршило законот. Тие се повикале на прес-конференција од 3 јуни 2016 година на која СЈО потврдило дека не ја прекинало истрагата. На 13 март 2019 година судија за претходна постапка на првостепениот суд го одбил нивното барање како ненавремено,

утврдувајќи дека осумдневниот рок предвиден во член 290 од Законот за кривична постапка започнал да тече на 3 јуни 2016 година.

6. Обвинението и првостепената пресуда

39. На 28 јули 2017 година СЈО поднело обвинение против вториот подносител, меѓу другото, за злосторничко здружување (член 394 § 1 од Кривичниот законик) и за повреда на избирачкото право (член 160 од Кривичниот законик). И тој и третиот подносител биле обвинети за фалсификување или уништување на изборни документи (член 164 § 2 од Кривичниот законик).

40. На 28 јули и 4 август 2017 година вториот и третиот подносител поднеле приговор против обвинението, изнесувајќи ги истите наводи како и првиот подносител (види параграф На 13 јуни 2016 година првиот подносител побарал од првостепениот суд да утврди, согласно член 290 од Законот за кривична постапка (види параграф 65 подолу), дека СЈО го прекршило законот со тоа што не ја прекинало постапката поради помилувањето што му било доделено. Тој се повикал на прес-конференција од 3 јуни 2016 година на која СЈО потврдило дека не ја прекинало истражната постапка. На 6 април 2017 година судија за претходна постапка на првостепениот суд го отфрлил тоа барање како ненавремено, сметајќи дека осумдневниот рок предвиден во член 290 од Законот за кривична постапка започнал да тече на 17 мај 2016 година. Тоа решение било потврдено по жалба поднесена на 9 мај 2017 година.

21 погоре). На 28 декември 2017 година тричлен совет на првостепениот суд го одбил нивниот приговор како неоснован, со правосилно дејство, без да даде дополнително образложение.

41. Во текот на судењето вториот и третиот подносител ја признале вината. Меѓутоа, тие изјавиле дека не требало да бидат кривично гонети бидејќи биле помилувани од Претседателот.

42. На 28 февруари 2022 година првостепениот суд го прогласил вториот подносител за виновен за злосторничко здружување, повреда на избирачкото право и фалсификување или уништување на изборни документи. Му била изречена казна затвор од четири години и шест месеци. Третиот подносител бил прогласен за виновен за фалсификување или уништување на изборни документи и му била изречена казна затвор од три години. Судот не се произнел во однос на помилувањата.

7. Жалба на вториот и третиот подносител

43. На 4, 5 и 18 април 2022 година вториот и третиот подносител поднеле жалба против пресудите. Тие навеле, меѓу другото, дека член 84 § 1 (9) од Уставот (види параграф 52 подолу) му дава на

Претседателот овластување да доделува помилувања, но не и да ги поништува. Оттука, Законот за помилување од 2016 година (види параграф 60 подолу) му доделил на Претседателот овластувања кои се вон уставните граници. Тие понатаму навеле дека законот го нарушува владеењето на правото бидејќи се применува ретроактивно и дозволува одземање на стекнати права кои биле неотповикливи според правото во моментот на нивното стекнување. Се повикале и на предметот *Lexa* (наведен погоре).

44. Вишиот јавен обвинител доставил писмени поднесоци. На вториот и третиот подносител не им бил доставен примерок од тие поднесоци. Сепак, примерок од нив бил доставен до Судот од страна на Владата. Вишиот јавен обвинител навел дека жалбите на обвинетите биле неосновани, имајќи предвид дека тие доброволно ја признале вината (види параграф 41 погоре) и дека судот правилно го применил правото при одредувањето на казните, земајќи ги предвид сите олеснителни и отежнителни околности. Тој понатаму истакнал дека помилувањата биле поништени (види параграф На 18 мај 2016 година вториот и третиот подносител поднеле претставка до Советот на јавни обвинители. Тие навеле дека побарале од СЈО да ја прекине истражната постапка поради претседателските помилувања кои им биле доделени, но не добиле никаков одговор. Тие понатаму се пожалиле дека со тоа што не ја прекинало истражната постапка СЈО го прекршило член 304 од Законот за кривична постапка (види параграф 66 подолу).

36 погоре). Дополнително, тој се осврнал на други наводи изнесени во жалбените поднесоци, тврдејќи, особено, дека јавните обвинители постапувале во рамките на своите законски овластувања, дека наводите за погрешна идентификација во однос на кривичните дела за кои обвинетите ја признале вината биле неосновани, и дека евентуалните несогласувања во нумерацијата во списите на предметот биле од чисто техничка природа и не ја доведувале во прашање правната валидност на пресудата.

45. На расправата по жалбата, вишиот јавен обвинител ги изнел своите писмени поднесоци. На расправата биле присутни вториот подносител и неговите адвокати, како и адвокатот на третиот подносител. Тие не поднеле приговор ниту на усните излагања на вишиот јавен обвинител, ниту на фактот што не им бил доставен примерок од неговите писмени поднесоци.

46. По поднесена жалба, на 18 мај 2023 година Апелациониот суд ги потврдил осудителните пресуди. Во однос на помилувањата, судот утврдил дека, и покрај тоа што обвинетите првично се повикувале на нив и тврделе дека постапката требало да биде запрена поради одлуките за претседателско помилување, тие подоцна ја признале вината, со што имплицитно се откажале од суштинските приговори

што претходно ги изнеле. Притоа, судот дополнително му ја намалил казната затвор на вториот подносител на три години и шест месеци затвор.

8. Барање за вонредно преиспитување од страна на вториот и третиот подносител на апликација

47. На 6, 13 и 17 јули 2023 година вториот и третиот подносител до Врховниот суд поднеле барање за вонредно преиспитување на правосилната пресуда, изнесувајќи ги истите наводи како и оние изнесени во нивната жалба (види параграф 43 погоре). Тие дополнително тврделе дека нивните пресуди претставуваат повреда на начелото дека никој не може повторно да биде кривично гонет за кривично дело за кое веќе постои правосилна судска одлука, имајќи предвид дека претседателското помилување во кривична постапка има еднакво правно дејство како и судската пресуда. Во однос на обврската на судот да им даде правно дејство на одлуките за помилување, тие сметале дека е ирелевантно дали обвинетите ја признале вината. Признанието на вина, според нив, не претставувало откажување од правото да се повикуваат на помилувањето, бидејќи тие експлицитно се повикувале на него при давањето на признанието (види параграф 41 погоре), како и преку завршните излагања на нивните адвокати пред донесувањето на пресудата. Тие никогаш не изразиле намера да се откажат од примената на помилувањето. Во секој случај, првостепениот суд бил должен да ги земе предвид одлуките за помилување согласно член 402(1)(6) од Законот за кривична постапка (види параграф 67 подолу). Правното дејство на помилувањето не зависело од волјата на лицето на кое се однесувало и, како такво, неговата примена не можела да биде предмет на откажување. Вториот подносител дополнително се пожалил дека не му бил доставен примерок од писмените поднесоци на вишиот јавен обвинител до Апелациониот суд (види параграф 44 погоре), со што биле повредени начелата на еднаквост на оружјата и контрадикторност.

48. Обвинителката доставила поднесоци. Таа особено навела дека во својата пресуда во предметот на првиот подносител Врховниот суд веќе утврдил дека помилувањата немале никакво правно дејство (види параграф 28 погоре). Поднесоците на адвокатите на вториот и третиот подносител биле примени на 25, 26 и 27 септември 2023 година.

49. На 24 јануари 2024 година Врховниот суд, заседавајќи во совет од пет судии, меѓу кои и судијата М.Л.Т., ги потврдил осудителните пресуди против вториот и третиот подносител. Во однос на помилувањата, судот навел дека веќе го изразил својот став во предметот на првиот подносител (види параграф 28 погоре) и дека нема основ за донесување поинаков заклучок во конкретниот предмет. Судот понатаму утврдил дека на расправата по жалба, во присуство на

присутните странки, вишиот јавен обвинител ги изнел своите поднесоци до Апелациониот суд (види параграф 45 погоре). Поради тоа, не постоела повреда на начелото на еднаквост на оружјата, бидејќи одбраната била запознаена со поднесоците на вишиот јавен обвинител. Врховниот суд исто така ги отфрлил аргументите на подносителите во врска со наводниот недостаток на овластување на јавните обвинители, наводната погрешна идентификација во однос на кривичните дела за кои обвинетите ја признале вината, како и несогласувањата во нумерацијата во списите на предметот. Тој дополнително утврдил дека, согласно член 465 од Законот за кривична постапка (види параграф 88 подолу), неговата надлежност во однос на санкциите се ограничува на утврдување дали пониските судови ги надминале своите законски овластувања при изрекување на казната и не се протега на преиспитување на олеснителни или отежнителни околности. Во конкретниот случај, при изрекувањето на казните пониските судови не ги надминале своите законски овластувања.

50. Вториот и третиот подносител ја примиле пресудата на Врховниот суд на 26 февруари и 4 март 2024 година соодветно.

51. На 13 февруари 2024 година првостепениот суд, имајќи го предвид неговото добро однесување и фактот дека веќе отслужил повеќе од половина од изречената казна, донел одлука за условно ослободување на вториот подносител и негово ставање на пробација до 16 мај 2025 година. Таа одлука била потврдена по поднесената жалба на 6 март 2024 година, при што Апелациониот суд навел дека тој ќе биде ослободен на 17 јуни 2024 година.

РЕЛЕВАНТНА ПРАВНА РАМКА И ПРАКТИКА

I. ПОМИЛУВАЊА

A. Устав од 1991 година

52. Член 84 § 1 (9) предвидува дека Претседателот може да дава помилувања во согласност со закон.

53. Член 118 од Уставот предвидува дека меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

Б. Кривичен Законик

54. Член 114 од Кривичниот законик предвидува дека помилувањето, меѓу другото, опфаќа и ослободување од кривично гонење на поименично определено лице.

B. Закон за помилување

1. Закон за помилување од 1993 година (Службен весник бр. 20/93)

55. Согласно член 1 од Законот за помилување од 1993 година, Претседателот може да додели помилување на поименично определени лица за кривични дела утврдени со националните закони, во согласност со одредбите од Кривичниот законик и Законот за помилување од 1993 година. Член 114 од Кривичниот законик предвидува дека помилувањето, меѓу другото, опфаќа и ослободување од кривично гонење на поименично определено лице. Според член 3, постапката за помилување со цел ослободување од кривично гонење може да се иницира по службена должност (*proprio motu*) во која било фаза од кривичната постапка. Првичниот текст на член 11 од Законот гласел како што следува:

> „Претседателот на Републиката по исклучок може да дава помилување и без спроведување на постапката за помилување пропишана со овој закон кога е тоа во интерес на Републиката, или кога посебни околности што се однесуваат на личноста и на кривичното дело укажуваат дека е тоа оправдано.“

56. Со одлука од 15 септември 1999 година (У.бр.144/1999), Уставниот суд утврдил дека член 11 е во согласност со Уставот. На 21 март 2018 година Уставниот суд отфрлил ново барање за уставна оцена на член 11 од Законот за помилување од 1993 година како *res judicata*, утврдувајќи дека не постојат основи за отстапување од причините наведени во одлуката У.бр.144/1999 (У.бр.96/2016).

2. Закон за изменување на Законот за помилување од 1993 година („Законот за помилување од 2009 година“, „Службен весник“ бр. 12/2009, 28 јануари 2009 година)

57. Со член 10 од Законот за помилување од 2009 година се укина член 11 од Законот за помилување од 1993 година.

58. Со одлука од 16 март 2016 година (У.бр.19/2016), донесена со мнозинство гласови, Уставниот суд го укина Законот за помилување од 2009 година како неуставен. Во одлуката, која главно се однесуваше на тоа дека Законот за помилување од 2009 година го оневозможувал доделувањето помилување за одредени кривични дела, Судот утврдил дека истиот ги повредува начелата на поделба на власта и еднаквост на граѓаните. Судот, меѓу другото, навел:

> „Помилувањето ... претставува неотповиклив и конечен акт на милост од страна на Претседателот на Републиката, кој не одлучува како судски орган, туку како државен орган кој ја добил својата легитимација од граѓаните преку непосредни избори. Помилувањето е неспорно уставно и законско право на Претседателот со кое тој располага и може да го користи во согласност со постапката утврдена со закон и од причини кои не мора да бидат од правна природа (на пример, социјални, здравствени, политички или причини на

правичност) ... Помилување може да се додели пред изрекување на казна во форма на ослободување од кривично гонење, или по донесување правосилна пресуда и изрекување казна.“

59. Двајца пратеници побарале од Собранието, согласно член 68 од Уставот, автентично толкување на член 11 од Законот за помилување од 1993 година (види параграф 55 погоре). На 4 декември 2019 година Законодавно-правната комисија утврдила дека барањето не е оправдано, наведувајќи, меѓу другото, дека:

„… Законот за помилување бил изменет во 2009 година, при што член 11, кој предвидувал можност за доделување помилување без спроведување на постапка за помилување, бил укинат …

Во март 2016 година Уставниот суд во целост го укинал Законот за помилување од 2009 година … но [таа одлука] не може да се толкува како повторно воспоставување на член 11.

...

… се забележува дека правната теорија прави јасна разлика помеѓу правното дејство на укинување и поништување на правни акти. Доколку закон се прогласи за поништен, тогаш претходно важечките одредби повторно стапуваат во сила. Спротивно на тоа, кога Уставниот суд донесува одлука со која се укинува закон, се прекинува неговото дерогативно дејство, но тоа само по себе не значи автоматско враќање во сила на претходно укинатиот закон.

Несомнено е дека одлуката на Уставниот суд со која е укинат Законот за помилување од 2009 година … не довела до повторно оживување на член 11 од Законот за помилување од 1993 година. Тоа значи дека Претседателот на Републиката не бил, ниту во тој момент ниту денес, овластен да доделува помилување без спроведување на постапка за помилување согласно таа одредба.

Сите помилувања на Претседателот на Републиката засновани на член 11 од Законот за помилување од 1993 година … по 2009 година се незаконити и ништовни.

Имајќи го предвид горенаведеното, Законодавно-правната комисија … утврди дека барањето за автентично толкување … не е оправдано, бидејќи член 11 од Законот за помилување од 1993 година … повеќе не е дел од правниот поредок, што значи дека не е применлив. Следствено на тоа, не може да се даде автентично толкување на законска одредба која повеќе не постои …“

3. Закон за дополнување на Законот за помилување од 1993 година („Законот за помилување од 2016 година“, Службен весник бр. 99/2016, од 20 мај 2016 година)

60. Законот за помилување од 2016 година гласи како што следува:

Член 1

„Во Законот за помилување (Службен весник број 20/1993), по членот 11 се додава нов член 11-а, кој гласи:

Член 11-а

„Претседателот на Републиката може во рок од 30 дена од денот на донесувањето на овој закон да го поништи помилувањето дадено без претходна постапка за помилување.

Претседателот не е должен да ја образложи одлуката од ставот 1.

Лицето за кое е донесена одлука за помилување има право до претседателот на Републиката да поднесе барање за поништување на одлуката за негово помилување.

Претседателот на Републиката е должен во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот 3, да ја поништи донесената одлука.“

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.“

61. Како што е наведено во образложението на Предлог-законот за 2016 година, целта на овој закон била да „се создаде правен основ за поништување на помилување доделено од Претседателот на Републиката без претходно спроведена постапка, во строго определени рокови и без обврска за наведување образложение за одлуката“.

62. По иницијатива поднесена од лице со иницијали З.С., на 27 ноември 2019 година Уставниот суд повел постапка за оценување на уставноста на Законот за помилување од 2016 година. Повикувајќи се, меѓу другото, на пресудата на овој Суд во предметот *Lexa* (наведена погоре) и на компаративното право на „неколку држави членки на Европската Унија, од кои е побарано мислење“, Уставниот суд укажал дека помилувањето доделено од Претседателот на државата е неотповикливо и не може да биде поништено ниту со закон ниту со поединечен акт. Особено било наведено дека „исклучителното помилување доделено *proprio motu* [согласно член 11 од Законот за помилување од 1993 година] не зависи од волјата на лицето на кое се однесува…“. Член 84 од Уставот го овластува Претседателот да доделува помилување, но не и да го повлекува. Според Судот, постоеле сериозни индиции дека Законот за помилување од 2016 година е спротивен на начелата на владеење на правото, правната сигурност и еднаквоста на граѓаните.

63. На 18 ноември 2020 година Уставниот суд ја запрел постапката за оценување на уставноста на Законот за помилување од 2016 година. Релевантните делови од одлуката гласат:

„Имајќи ги предвид членовите 1 и 2 [од Законот за помилување од 2016 година], неспорно е дека овој закон произведува правно дејство само триесет дена по неговото објавување, односно дека дејствијата предвидени со оспорениот закон можеле да се преземат исклучиво во рок од триесет дена од денот на неговото објавување, односно до 20 мај 2016 година.

...

Согласно правило 47 § 1 (3) од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија, Уставниот суд ја запира постапката започната врз основа на неточни фактички наводи.

...

... Судот утврдил дека во текот на постапката [пред Уставниот суд] поради неговата временска ограниченост, примената на оспорениот закон е исцрпена и дека истиот повеќе не може да произведува правно дејство, што претставува процесна пречка за натамошно водење на постапката.

Следствено, поведувањето на постапката [пред Уставниот суд] со одлуката од 27 ноември 2019 година, кое не ја земало предвид временската природа на оспорениот закон, … било засновано на неточни факти …“ (У.бр.163/2016)

B. Закон за кривична постапка (Службен весник бр. 150/2010)

64. Согласно член 288(1) од Законот за кривична постапка, јавниот обвинител ќе ги отфрли кривичните пријави доколку, меѓу другото, кривичното дело е опфатено со амнестија или помилување.

65. Согласно член 290, секое лице кое смета дека со преземањето на некое од дејствијата е повредено некое негово право или мерка преземена во преткривичната постапка може во рок од осум дена од дознавањето за преземањето на дејствието да ја оспори законитоста на таквото дејствие или мерка пред судијата на претходна постапка. Засегнатото лице има право да побара правна заштита и со други правни средства.

66. Член 304(1)(3) предвидува дека доколку постојат основи кои ја исклучуваат кривичната постапка јавниот обвинител ја запира истражната постапка.

67. Согласно член 402(1)(6), судот ќе го одбие обвинението доколку обвинетиот е ослободен од кривично гонење со акт на амнестија или помилување, или доколку кривичното гонење не е можно поради застареност, или пак, доколку постојат други законски основи што ја исклучуваат кривичната постапка.

Г. Други одлуки на Уставниот суд

68. Со решение од 5 октомври 2016 година, Уставниот суд ја отфрлил иницијативата поднесена од страна на две физички лица за оценување на уставноста на помилувањата од 12 април 2016 година. Судот утврдил дека секое поединечно помилување се однесувало на конкретно именувани лица кои биле ослободени од кривично гонење. Поединечните одлуки од истиот датум го определувале статусот на кривичната постапка за секое засегнато лице, како и кривичните дела и применливите законски одредби. Поврзувајќи се со одлуките за поништување од 27 мај и 7 јуни 2016 година (види *Taleski and Others*, цитирано погоре, став 17), Судот утврдил дека помилувањата „не се

дел од правниот поредок“, односно дека тие „престанале да постојат“ и, следствено на тоа, постојат процесни пречки за оценување на нивната уставност и законитост (У.бр.95/2016). Овие наводи биле повторени и во решението од 14 октомври 2020 година, донесено по нова иницијатива за уставна оценка на помилувањата од 12 април 2016 година (У.бр.122/2016).

69. Владата доставила примероци од повеќе одлуки во кои Уставниот суд ги отфрлил иницијативите за уставна оценка, со образложение дека истите имале за цел враќање во правниот поредок на одредби кои претходно биле укинати со оспорените нормативни акти. Во тие одлуки Судот нагласил дека нема законодавна функција да создава правни норми, ниту да враќа во сила законски одредби укинати со подоцнежен закон. Исто така, Судот навел дека укинувачката одредба не уредува правни односи и затоа не е предмет погоден за уставна оцена (У.бр.254/2001; У.бр.44/2003; У.бр.166/2003; У.бр.198/2007; У.бр.163/2008; У.бр.200/2008; У.бр.24/2011; У.бр.97/2011; У.бр.154/2011; У.бр.156/2011; У.бр.85/2012; У.бр.176/2012; У.бр.7/2015; У.бр.45/2018 и У.бр.59/2021).

Д. Претходни помилувања доделени врз основа на член 11 од Законот за помилување од 1993 година

70. На 7 април 2003 година, повикувајќи се на член 11 од Законот за помилување од 1993 година и член 114 од Кривичниот законик, тогашниот Претседател на државата, во отсуство на постапка за помилување, доделил помилувања со кои две лица (поранешен министер и висок функционер во Министерството за внатрешни работи) биле ослободени од кривично гонење. Со решение од 9 јули 2003 година, Уставниот суд ја отфрлил иницијативата против овие помилувања, утврдувајќи дека тие се однесуваат на конкретно определени лица и дека поради тоа не се погодни за уставна оцена. Судот дополнително истакнал дека помилувањето може да вклучува ослободување од кривично гонење и дека може да се додели во која било фаза од кривичната постапка (У.бр.81/2003).

71. На 2 август 2008 година, тогашниот Претседател на државата, исто така во отсуство на постапка за помилување, доделил помилување со кое шест лица биле ослободени од кривично гонење.

72. Иницијативите поднесени од пратеници за покренување постапка за импичмент против двата гореспоменати претседатели во врска со помилувањата од 2003 и 2008 година не дале резултат.

II. СОСТАВ НА ВРХОВНИОТ СУД

A. Закон за кривичната постапка (Службен весник бр. 150/2010, 100/2012, 142/2016 и 198/2018)

73. Член 25(3) од Законот за кривичната постапка предвидува дека во постапка по трет степен на одлучување предметите се разгледуваат пред совет составен од пет судии.

74. Член 33(1) ги утврдува основите поради кои судијата не смее да врши судиска должност во конкретен предмет. Согласно член 33(2), судијата може да биде изземен од вршење на судиската должност и во случаи кога постојат околности кои можат оправдано да предизвикаат сомневање во неговата или нејзината непристрасност.

75. Член 34 предвидува дека постапката за изземање мора да биде покрената од страна на судијата веднаш штом тој или таа дознае за постоење на некоја од основите предвидени во член 33(1). Судијата е должен веднаш да престане со преземање какви било дејствија во предметот и за тоа да го извести претседателот на судот, кој ќе определи друг судија да постапува по предметот.

76. Член 35 предвидува дека секоја од странките може да побара изземање на судија (член 35(1)). Таквото барање мора да биде поднесено пред започнувањето на главната расправа. Доколку за основите од член 33(1) се дознае во подоцнежна фаза од постапката, странката е должна барањето да го поднесе без одлагање, веднаш откако ќе дознае за тие основи (член 35(2)). Барање за изземање на судија од повисок суд може да се истакне во жалбата или во одговорот на жалбата (член 35(3)). Странката може да бара изземање само на конкретно именуван судија кој учествува во постапката или на судија од повисок суд (член 35(4)). Во барањето странката е должна да ги наведе околностите на кои се повикува како законски основ за изземање (член 35(6)). Против одлуката со која се одбива барањето за изземање не е дозволена посебна жалба (член 35(7)).

77. Член 36 предвидува дека за барањето за изземање поднесено согласно член 35 одлучува претседателот на надлежниот суд. Доколку барањето се однесува на претседателот на судот, по него одлучува претседателот на непосредно повисокиот суд. Доколку барањето се однесува на претседателот на Врховниот суд, одлуката ја донесува Општата седница на Врховниот суд. Кога барањето за изземање е поднесено врз основа на член 33(2), постапката продолжува без прекин. Претседателот на судот е должен да одлучи по барањето веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на неговото поднесување. Доколку претседателот на судот донесе одлука за изземање на судијата, предметот се распределува кај следниот судија согласно годишниот распоред за работа. Против одлуката со која се

усвојува барањето за изземање не е дозволена жалба. Против одлуката со која барањето се одбива може да се поднесе жалба во рок од три дена од денот на нејзиното донесување. Доколку пресудата биде донесена пред да биде одлучено по барањето за изземање, странката може во жалбата против пресудата да ги истакне основите и доказите што го поткрепуваат барањето за изземање.

78. Член 37 предвидува дека кога судијата ќе дознае дека е поднесено барање за негово или нејзино изземање, тој/таа е должен веднаш да престане со сите дејствија во предметот. Меѓутоа, доколку барањето за изземање се заснова на член 33(2) (види став 74 погоре), судијата, до донесувањето одлука по барањето, може да ги презема само оние процесни дејствија што не трпат одлагање.

Б. Закон за судовите (Службен весник бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018, 198/2018 и 96/2019)

79. Член 39(4) од Законот за судовите предвидува дека распоредувањето на судиите се врши согласно годишниот распоред за работа што го утврдува претседателот на судот, по претходна консултација со седница на судии или, во случајот на Врховниот суд, со Општата седница на Судот. При тоа се зема предвид областа на специјализација на секој судија, било да станува збор за кривична, граѓанска, трговска, управна или друга правна област.

В. Деловник на Судот (Службен весник бр. 66/2013)

80. Правило 66 од Деловникот на Судот предвидува дека работата во судовите, по правило, се врши во специјализирани судски оддели. Судските оддели се формираат за кривична, граѓанска и управна област, како и оддел за судска пракса. Судски оддел во судот се формира доколку на тој вид предмети работат повеќе од пет судии.

Г. Деловник на Врховниот суд (Службен весник бр. 14/2022)

81. Правило 19 од Деловникот на Врховниот суд предвидува дека во рамките на Врховниот суд се формираат четири оддели: Оддел за казниви дела, Оддел за граѓански дела, Оддел за судење во разумен рок и Оддел за судска практика. Согласно Правило 20, Одделот за казниви дела го сочинуваат претседателот на Одделот, судиите и стручните судски службеници кои со Годишен распоред за работа се распоредени да ги вршат работите во советите на Одделот и административните службеници во писарницата на Одделот.

82. Правило 22 предвидува дека советите одлучуваат по конкретни предмети од надлежност на Врховниот суд. Претседателот на Судот со

Годишниот распоред за работа ги утврдува бројот и составот на советите, ги определува претседателите на советите и членовите, како и нивните заменици во случај на отсуство или спреченост.

Д. Кодекс за етика на судиите и судиите поротници од 2019 година

83. Точка 2.3 од Кодексот за етика на судиите и судиите поротници од 2019 година предвидува дека судијата/судијата поротник треба да внимава на своето изземање кога не е во можност да донесе непристрасна одлука по одреден предмет, односно да не остави впечаток дека не е во состојба да суди непристрасно. Точка 2.4 утврдува неисцрпна листа на околности во кои судијата е должен да се изземе.

84. Точка 2.5 предвидува дека судијата/судијата поротник во текот на една постапка, односно во текот на некоја идна постапка, не смее да дава јавни или поинакви коментари што би можеле да влијаат врз исходот на постапката или пак што би можеле да ја нарушат правичноста на постапката.

III. ЖАЛБЕНА ПОСТАПКА

85. Согласно член 381(4) од Законот за кривична постапка, обвинетиот кој во текот на главната расправа признал вина не може да ја побива пресудата, ниту нејзин поединечен дел, со жалба заснована на наводи за погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба.

86. Согласно член 420 од Законот за кривична постапка, првостепениот суд е должен без одлагање да достави примерок од жалбата до спротивната странка, која има право да поднесе одговор на жалбата во рок од осум дена од денот на нејзиниот прием. Жалбата и евентуалниот одговор на жалбата, заедно со сите списи, првостепениот суд во рок од три дена од приемот на одговорот на жалбата, односно по истекот на рокот за поднесување одговор на жалбата, ќе ги достави до второстепениот суд. Согласно член 421, кога списите по жалбата ќе стигнат до второстепениот суд, во рок од три дена од приемот на списите се определува судија известител. Ако во прашање е кривично дело за кое се гони по барање од јавниот обвинител, судијата известител без одлагање ќе ги достави списите до надлежниот јавен обвинител кој е должен да ги разгледа и без одлагање или најдоцна во рок од 15 дена, а кај посложени предмети најдоцна во рок од 30 дена, да му ги врати на судот. Јавниот обвинител, враќајќи ги списите, ќе достави писмен предлог до судот или ќе го извести судот дека ќе стави писмен предлог на седницата на советот.

IV. ПОСТАПКА ПО БАРАЊЕ ЗА ВОНРЕДНО ПРЕИСПИТУВАЊЕ

87. Согласно член 459(2) од Законот за кривична постапка (кој, врз основа на член 467, соодветно се применува и во постапката по барање за вонредно преиспитување), доколку судот најде дека причините поради кои ја донел одлуката во корист на осуденият постојат и за некој од соосудените во однос на кои не е подигнато барање за заштита на законитоста, ќе постапи по службена должност како да постои такво барање.

88. Согласно член 465 од Законот за кривична постапка, барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда може да се поднесе: (1) поради повреда на Кривичниот законик на штета на осуденият од членот 416 точки 1, 2, 3 и 4 на овој закон или поради повреда од членот 416 точка 5 на овој закон, ако пречекорувањето на овластувањето се однесува на одлуката за казната, алтернативна мерка или конфискација на имот и имотна корист и одземање на предмети или одземање на имотна корист; (2) поради повреда на одредбите на кривичната постапка предвидени во членот 415 став (1) точки 1, 5, 8, 9 и 10 од овој закон; и (3) поради повреда на правата на одбраната или поради повреда на одредбите на кривичната постапка во жалбената постапка, ако таа повреда влијаела или можела да влијае врз законитото и правилното донесување на пресудата или врз правото на обвинетиот на правично судење.

89. Согласно член 461 од Законот за кривична постапка (кој, врз основа на член 467, соодветно се применува и во постапката по барање за вонредно преиспитување): (1)Кога судот ќе утврди дека барањето за заштита на законитоста е основано, ќе донесе пресуда со која според природата на повредата, или ќе ја преиначи правосилната одлука, или ќе ги укине во целост или делумно одлуките на првостепениот и на повисокиот суд или само одлуката на повисокиот суд и предметот ќе го врати на повторна одлука или судење до првостепениот или до повисокиот суд, или ќе се ограничи само на тоа да ја утврди повредата на законот. (2) Ако барање за заштита на законитоста е поднесено на штета на осуденият, а судот ќе најде дека е основано, ќе утврди само дека постои повреда на законот, не засегајќи во правосилната одлука. Член 467 предвидува дека во постапката по барање за вонредно преиспитување при примената на членот 461 став (1) од овој закон, судот не може да се ограничи само на тоа да ја утврди повредата на законот, а одредбата од членот 461 став (2) на овој закон ќе се применува само во делот за изрекување на казната.

ПРАВО

I. НАВОДНА ПОВРЕДА НА ЧЛЕН 6 § 1 ОД КОНВЕНЦИЈАТА ВО ВРСКА СО ЗАКОНОДАВНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА СО КОЈА БИЛО ОВОЗМОЖЕНО ПОНИШТУВАЊЕТО НА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ПОМИЛУВАЊА И ПРОДОЛЖУВАЊЕТО НА КРИВИЧНИТЕ ПОСТАПКИ

90. Подносителите се пожалиле дека продолжувањето на кривичните постапки против нив по доделувањето на претседателските помилувања било спротивно на начелата на правна сигурност и владеење на правото. Одлуките со кои им биле доделени помилувања - кои во времето на нивното донесување биле конечни и неотповикливи и на подносителите им давале право да не бидат кривично гонети - подоцна биле поништени врз основа на закон со ретроактивно дејство, донесен токму со цел да овозможи такво поништување. Во таа насока тие се повикале на член 6 § 1 од Конвенцијата, чии релевантни делови гласат:

> „При одлучувањето за ... основаноста на секое кривично обвинение против него, секој има право на правично ... судење ... пред независен и непристрасен суд востановен со закон.“

A. Допуштеност

91. Владата истакна дека вториот и третиот подносител не го почитувале четиримесечниот рок за поднесување апликација до Судот, тврдејќи дека релевантниот рок започнал да тече најдоцна кон крајот на 2024 година. Во таа насока, Владата наведе дека, пред донесувањето на пресудата во нивниот предмет, Врховниот суд веќе донел и објавил две пресуди - од 26 јуни 2023 година (во однос на првиот подносител, види став 28 погоре) и од 20 декември 2023 година - во кои, меѓу другото, биле разгледани идентични наводи на одбраната во врска со помилувањата. Двете пресуди биле предмет на медиумско известување. Владата понатаму укажа дека на вториот и третиот подносител им бил доставен примерок од поднесоците на јавниот обвинител до Врховниот суд, во кои се упатувало на пресудата донесена во предметот на првиот подносител (види став Во секој случај, првостепениот суд бил должен да ги земе предвид одлуките за помилување согласно член 402(1)(6) од Законот за кривична постапка (види параграф 67 подолу). Правното дејство на помилувањето не зависело од волјата на лицето на кое се однесувало и, како такво, неговата примена не можела да биде предмет на откажување. Вториот подносител дополнително се пожалил дека не му бил доставен примерок од писмените поднесоци на вишиот јавен обвинител до

Апелациониот суд (види параграф 44 погоре), со што биле повредени начелата на еднаквост на оружјата и контрадикторност.

48 погоре). Според Владата, од тоа следи дека подносителите требало да заклучат дека нивните идентични наводи во врска со помилувањата немаат реални изгледи за успех, поради што не требало да го чекаат исходот од постапката по барањето за вонредно преиспитување пред да поднесат апликација до Судот, имајќи предвид дека тој исход веќе бил суштински детерминиран со претходната практика на Врховниот суд во слични предмети.

92. Подносителите навеле дека приговорот на Владата во однос на непочитување на правилото за четиримесечниот рок е спротивен на воспоставената практика на Судот и на неговата одлука во предметот *Taleski and Others v. North Macedonia* ((одл.), бр. 77796/17 и 5 други, 24 јануари 2023 година). Во тој предмет Судот утврдил дека апликациите биле поднесени предвреме, бидејќи подносителите не ги исцрпиле сите достапни домашни правни средства. Судот претходно утврдил дека барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда претставува правно средство кое мора да биде исцрпено (види *Mamudovski v. North Macedonia* (одл.), бр. 49619/06, 10 март 2009 година), како и дека самите сомневања во однос на изгледите за успех на правно средство, доколку тоа не е очигледно неефикасно, не можат да го оправдаат неговото неисцрпување (во таа смисла подносителите се повикале на *Milošević v. the Netherlands* (одл.), бр. 77631/01, 19 март 2002 година).

93. Релевантните начела на Конвенцијата во однос на тесната поврзаност меѓу исцрпувањето на домашните правни средства и тогашниот шестмесечен рок за поднесување апликација до Судот, особено во случаи кога подносителот првично користи домашно правно средство, а дури подоцна станува свесен или требало да стане свесен за околностите што го прават тоа правно средство неефикасно, се сумирани во пресудата *Jeronovičs v. Latvia* ([ГК], бр. 44898/10, § 75, ЕСЧП 2016 година).

94. Судот забележува дека првиот и вториот подносител, заедно со други лица, претходно поднеле апликации до Судот додека кривичните постапки против нив сè уште биле во тек пред Апелациониот суд. Судот ги отфрлил нивните жалбени наводи по член 6 § 1 од Конвенцијата во врска со нивното кривично гонење, и покрај постоењето на претседателски помилувања, како предвремени. Особено, Судот утврдил дека кривичните постапки сè уште не биле завршени и дека прашањата поврзани со помилувањата можеле да бидат покренати пред домашните кривични судови, вклучително и во постапка по барање за вонредно преиспитување пред Врховниот суд (види *Taleski and Others*, цитиран погоре, §§ 101 и 102). Предметните

апликации биле поднесени откако осудителните пресуди против подносителите станале правосилни со одлука на Врховниот суд.

95. Судот повторува дека член 35 § 1 не може да се толкува на начин што би барал од подносителот да ја поднесе својата претставка до Судот пред неговата положба во однос на предметното прашање да биде конечно разрешена на домашно ниво, бидејќи во спротивно би било повредено начелото на супсидијарност (види, меѓу многу други извори, *Lekić v. Slovenia* [ГЦЦ], бр. 36480/07, § 65, 11 декември 2018 година, и *Vlaisavljevikj v. North Macedonia*, бр. 23215/21, § 33, 25 јуни 2024 година). Согласно тоа, Судот смета дека било разумно вториот и третиот подносител да ја почекаат одлуката на Врховниот суд во нивниот кривичен предмет, имајќи предвид дека барањето за вонредно преиспитување претставувало ефективно правно средство кога е допуштено (види, *mutatis mutandis*, *Mamudovski*, цитиран погоре, и *Zahariev v. North Macedonia*, бр. 26760/22, § 38, 5 ноември 2024 година). Судот смета дека судската практика на Врховниот суд на која се повикува Владата (види параграф 91 погоре), а која била донесена додека предметот на вториот и третиот подносител сè уште бил во тек, не може да доведе до поинаков заклучок (спореди со *Vlaisavljevikj*, цитиран погоре, § 33). Следствено, нивната претставка не може да биде отфрлена поради непочитување на четиримесечниот рок.

96. Според тоа, Судот го отфрла приговорот на Владата за недопуштеност. Судот понатаму смета дека оваа претставка не е очигледно неоснована, ниту недопуштена по која било друга основа предвидена во член 35 од Конвенцијата. Поради тоа, таа мора да биде прогласена за допуштена.

B. Основаност

1. Поднесоци од страните

(a) Владата

97. Повикувајќи се на пресудата на Врховниот суд во предметот на првиот подносител (види параграф 28 погоре), Владата навела дека одлуките за помилување биле ништовни *ab initio* и, според тоа, никогаш не произвеле никакво правно дејство. Тие биле засновани на член 11 од Законот за помилување од 1993 година (види параграф 55 погоре), одредба која во релевантниот период повеќе не била дел од правниот поредок. Членот 11 бил укинат со Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување од 2009 година (види параграф 57 погоре) и не бил повторно воспоставен со одлуката на Уставниот суд од 16 март 2016 година (види параграфи 57 и 58 погоре), бидејќи според долгогодишен и цврсто воспоставено начело

на домашното уставно право, Уставниот суд нема надлежност повторно да стави во сила законска одредба која претходно била укината (види параграф 69 погоре). И Собранието и Врховниот суд доследно застапувале став дека членот 11 не бил повторно воспоставен и дека во 2016 година не постоел правен основ за негова примена (види параграфи 28 и 59 погоре). Иако одредени пониски судови - непосредно по донесувањето на одлуките за помилување од страна на Претседателот во 2016 година - го толкувале истото правно прашање поинаку (види ги одлуките во неповрзани предмети сумирани во *Taleski and Others*, цитиран погоре, §§ 18 и 19), Владата истакнала дека токму ставот на Врховниот суд е меродавен, како суд од последна инстанца и орган надлежен за обезбедување на единство во примената и толкувањето на домашното право, во согласност со начелата на правна сигурност и владеење на правото.

98. Владата понатаму навела дека Законот за дополнување на Законот за помилување од 2016 година (види параграфи 60 и 61 погоре), како и последователните одлуки на Претседателот за поништување на помилувањата (види параграфи 16 и На 18 мај 2016 година вториот и третиот подносител поднеле претставка до Советот на јавни обвинители. Тие навеле дека побарале од СЈО да ја прекине истражната постапка поради претседателските помилувања кои им биле доделени, но не добиле никаков одговор. Тие понатаму се пожалиле дека со тоа што не ја прекинало истражната постапка СЈО го прекршило член 304 од Законот за кривична постапка (види параграф 66 подолу).

36 погоре), немале никакво влијание врз правната положба на подносителите, бидејќи не ја измениле - ниту можеле да ја изменат - правната состојба според која ним никогаш не им било доделено валидно помилување и таканаречените „одлуки за помилување“ никогаш не произвеле правно дејство. Според Владата, одлуките на Претседателот за поништување биле непотребни и не создале никакви нови правни последици; кривичното гонење, судењето и осудувањето на подносителите било дозволено не поради тие одлуки за поништување, туку затоа што наводните помилувања никогаш немале правна сила. Следствено, прашањето дали одлуките за помилување биле неотповикливи воопшто не се поставувало, ниту било потребно да се испитува дали Законот за помилување од 2016 година имал ретроактивно дејство. Подносителите никогаш не уживале право на ослободување од кривично гонење, судење или осуда за делата опфатени со одлуките на Претседателот за помилување и нивното поништување. Затоа, нивното кривично гонење, судење и осудување било во согласност со начелата на владеење на правото и правна сигурност.

99. Како алтернативен аргумент, Владата навела дека поништувањето на помилувањата било во согласност со начелата на владеење на правото и правна сигурност. Тоа не засегнало ниту една правосилна судска одлука, бидејќи ниту еден од домашните судови што ги разгледувале предметите на подносителите не утврдил дека наводните помилувања претставувале пречка за нивното кривично гонење, судење или осудување според домашното право. Дополнително, Уставот не забранува поништување на помилувања, ниту ја ограничува надлежноста на Собранието да донесе закон со кој на Претседателот му се доделува овластување да поништува помилувања, вклучително и оние доделени пред донесувањето на таков закон. Одлуките за поништување имале јасен правен основ во тогаш важечкиот Закон за помилување од 2016 година, кој изречно го овластувал Претседателот да поништува помилувања, а тие се однесувале на помилувања кои биле ништовни *ab initio*. Следствено, не станува збор за ретроактивна примена на закон. Законот за помилување од 2016 година немал индивидуален карактер, ниту бил насочен кон конкретни лица: во него не било наведено ниту едно лице, по име или на друг начин, чие помилување требало да биде поништено, туку само му доделувал на Претседателот дискрециono овластување за поништување, кое можело да се користи во ограничен временски период. Покрај тоа, помилувањата биле поништени навремено, односно во рок пократок од осум недели од нивното донесување. Подносителите не можеле разумно да ги уредуваат своите односи врз претпоставка дека се имуни од кривично гонење, а не приложиле ниту докази за спротивното.

100. Владата дополнително истакнала дека начелото на правна сигурност не е апсолутно и дека отстапување од него може да биде оправдано со суштински и убедливи причини (во оваа насока се повикала на *Guðmundur Andri Ástráðsson v. Iceland* [ГЦ], бр. 26374/18, § 238, 1 декември 2020 година). Според неа, такви причини постоеле во конкретниот случај, односно потребата од итно поништување на претседателските помилувања доделени *ultra vires* (надвор од законските овластувања). Тие помилувања, со кои лица осомничени за системски и сериозни злоупотреби во самиот врв на државната политичка структура биле ослободени од кривично гонење, биле спротивни на владеењето на правото. Во такви околности, преземањето на исклучителни правни мерки било оправдано и, следствено, во согласност со начелата на правна сигурност и владеење на правото.

101. На крај, Владата нагласила дека првиот подносител изречно побарал поништување на помилувањето што му било доделено (види параграф 14 погоре) и дека неговото барање треба да се смета за откажување од какви било права во таа насока.

(б) Подносителите на апликациите

102. Подносителите истакнале дека Уставниот суд го укинал целиот Закон за изменување и дополнување на Законот за помилување од 2009 година, вклучително и членот 10 со кој бил избришан членот 11 од Законот за помилување од 1993 година, врз основа на тоа дека истиот е неуставен (види параграфи 57 и 58 погоре). Меѓутоа, доколку - како што тврдела Владата (види параграф 97 погоре) - со тоа укинување не бил повторно воспоставен членот 11 од Законот за помилување од 1993 година, тогаш неуставниот Закон од 2009 година сепак би продолжил да произведува правни последици, додека одлуката на Уставниот суд не би произвела никакви правни ефекти. Таквото толкување, според нив, било спротивно на начелата на правна сигурност и владеење на правото.

103. Подносителите понатаму истакнале дека ставовите на домашните судови во однос на законитоста на одлуките за помилување биле неусогласени. За разлика од Врховниот суд, одредени пониски судови сметале дека помилувањата биле правно валидни сè до нивното формално поништување (тие се повикале на одлуките во неповрзани предмети сумирани во *Taleski and Others*, цитиран погоре, §§ 18 и 19, како и на одлуката со која бил одбиен приговорот на првиот подносител против обвинението - види параграф 22 погоре). И Уставниот суд, исто така, утврдил дека помилувањата престанале да бидат дел од правниот поредок поради нивното поништување, а не затоа што биле ништовни *ab initio* (види параграф 68 погоре).

104. Подносителите тврделе дека помилувањата биле неотповикливи, како што потврдил и Уставниот суд (види параграф 58 погоре). Според нив, надлежните органи, пред сè поради загриженост за можна ескалација на протестите, ретроактивно воспоставиле правна основа за поништување на одлуките за помилување преку донесување на Законот за помилување од 2016 година - закон насочен кон конкретни лица, спротивно на начелата на владеење на правото и правна сигурност. Тие поставиле прашање зошто воопшто бил донесен Законот за помилување од 2016 година и зошто биле поништени одлуките за помилување, доколку, како што тврдел Врховниот суд, тие од самиот почеток биле без правно дејство.

105. На крај, подносителите истакнале дека Владата не понудила убедливо образложение што би оправдало отстапување од начелото на правна сигурност (види ги аргументите на Владата сумирани во параграф 100 погоре). Таа не објаснила на кој начин поништувањето на помилувањата би можело да исправи судска грешка или неправилност во спроведувањето на правдата. Покрај тоа, одлуките за поништување не воспоставиле правична рамнотежа меѓу интересите на поединецот и потребата за ефикасно функционирање на кривичната правда, бидејќи интересите на подносителите биле целосно

занемарени. Подносителите исто така останале на ставот дека барањето на првиот подносител за поништување на доделеното помилување (види параграф 14 погоре) не ја одразувало неговата слободно изразена волја и, во секој случај, било правно ирелевантно.

2. Оцена на Судот

106. Судот забележува дека суштината на наводите на подносителите е дека одлуките за нивно помилување - кои во моментот на нивното донесување биле конечни и неотповикливи и им давале право да не бидат кривично гонети - биле поништени врз основа на закон со ретроактивно дејство кој бил насочен токму кон нив. Поништувањето на претседателските помилувања овозможило продолжување на кривичните постапки против нив, спротивно на начелата на правна сигурност и владеење на правото.

107. Во таа насока, Судот потсетува дека правото на правично судење гарантирано со член 6 § 1 од Конвенцијата мора да се толкува во светло на Преамбулата на Конвенцијата, која, во својот релевантен дел, го прогласува владеењето на правото за дел од заедничкото наследство на државите договорнички. Начелото на владеење на правото опфаќа повеќе други подеднакво важни начела кои, иако меѓусебно поврзани и често комплементарни, во одредени околности можат да дојдат во меѓусебен судир. Едно од нив е начелото на правна сигурност, кое е имплицитно содржано во сите одредби на Конвенцијата. Според конвенциското право, начелото на правна сигурност се манифестира во различни облици и контексти, како што се барањето правото да биде јасно определено и неговата примена да биде предвидлива, или барањето дека, кога судовите конечно ќе решат одредено прашање, нивната одлука не смее да биде доведувана во прашање (види *Guðmundur Andri Ástráðsson*, цитиран погоре, §§ 237 и 238, со понатамошни упатувања). Исто така, начелото според кое правото, а особено кривичното право, нема ретроактивно дејство има за цел да обезбеди правна сигурност (види *Vegotex International S.A. v. Belgium* [ГЦ], бр. 49812/09, § 115, 3 ноември 2022 година).

108. Општите начела применливи на употребата на ретроспективно законодавство кое влијае врз судското одлучување во кривични предмети се сумирани во пресудата *Vegotex International S.A.* (цитирана погоре, §§ 92–94). Во оваа смисла, Судот повторува дека само убедливи причини од општ интерес можат да оправдаат мешање на законодавецот во спроведувањето на правдата со цел да се влијае врз судското решавање на спор (*ibid.,* § 102).

109. Подносителите во овој предмет биле предмет на кривични постапки за дела поврзани со корупција или изборни злоупотреби (види параграфи 13 и 33 погоре). На 12 април 2016 година ним им биле доделени претседателски помилувања, не по спроведено судење и

осуда, туку со конкретна цел да се спречи продолжувањето на кривичните постапки против нив (види параграфи 13 и 34 погоре). На 20 мај 2016 година Собранието го донело Законот за помилување од 2016 година, со кој на Претседателот му било доделено овластување, под одредени услови, да поништува помилувања (види параграфи 60 и 61 погоре). На 27 мај 2016 година Претседателот ги поништил помилувањата што се однесувале на подносителите (види параграфи 16 и На 18 мај 2016 година вториот и третиот подносител поднеле претставка до Советот на јавни обвинители. Тие навеле дека побарале од СЈО да ја прекине истражната постапка поради претседателските помилувања кои им биле доделени, но не добиле никаков одговор. Тие понатаму се пожалиле дека со тоа што не ја прекинало истражната постапка СЈО го прекршило член 304 од Законот за кривична постапка (види параграф 66 подолу).

36 погоре). Потоа, подносителите биле осудени за кривични дела. Во кривичната постапка против првиот подносител, првостепениот и апелациониот суд утврдиле дека неговото кривично гонење било законски дозволено по поништувањето на помилувањето (види параграфи 22, 24 и 26 погоре). Во кривичните постапки против вториот и третиот подносител, Апелациониот суд утврдил дека со признавањето на вината тие имплицитно се откажале од своите материјално-правни приговори во врска со помилувањата (види параграф 46 погоре). Во двата случаи, Врховниот суд утврдил дека одлуките за помилување биле ништовни *ab initio* и дека никогаш не произвеле правно дејство, бидејќи биле донесени без правен основ (види параграфи 28 и 49 погоре). Притоа, Врховниот суд не го прифатил ставот на пониските судови дека подносителите се откажале од своите приговори.

110. Се поставува прашањето дали законодавната интервенција, преку Законот за помилување од 2016 година применет ретроактивно со цел поништување на помилувањата доделени на подносителите, ја поткопала правичноста на кривичните постапки против нив, преку влијание врз нивниот исход додека постапките сè уште биле во тек.

111. Судот забележува дека, според домашното право што било во сила во моментот на доделување на помилувањата, тие претставувале конечни и неотповикливи акти на милост од страна на Претседателот (види параграф 58 погоре). Особено, не постоел правен механизам за нивно оспорување, отповикување или поништување. Таков механизам бил воведен подоцна со Законот за помилување од 2016 година, со кој на Претседателот му било доделено привремено и исклучително овластување да поништи помилување доделено без претходно спроведена постапка. Претседателот не бил должен да ги образложи одлуките за поништување. Со оглед дека овој механизам бил во сила само 30 дена (види член 11-а од Законот за помилување од 2016

година, цитиран во параграф 60 погоре), јасно произлегува дека бил наменет да се применува на веќе доделени, а не на идни помилувања. Оттука, тој имал ретроактивно дејство.

112. Страните не се согласиле околу тоа дали Законот за помилување од 2016 година и одлуките за поништување донесени врз негова основа влијаеле врз исходот на кривичните постапки против подносителите. Владата тврдела дека Законот и одлуките за поништување биле непотребни и не влијаеле врз нивната положба, бидејќи допуштеноста на кривичното гонење, судење и осудување не произлегувала од тие одлуки, туку од фактот дека наводните помилувања биле ништовни *ab initio* и затоа никогаш не произвеле правно дејство (види параграфи 97 и 98 погоре). Пресудите на Врховниот суд ја поткрепуваат оваа позиција (види параграфи 28 и 49 погоре; види исто така, во иста насока, пресуда на првостепен суд во неповрзан предмет сумирана во *Taleski and Others*, цитиран погоре, § 21).

113. Подносителите, од своја страна, истакнале дека тврдењето на Владата дека помилувањата биле ништовни *ab initio* тешко може да се усогласи со донесувањето на Законот за помилување од 2016 година и со нивното поништување (види параграф 104 погоре). Судот забележува дека Собранието навистина сметало дека е неопходно да се воспостави правен механизам за поништување на помилувањата и токму за таа цел го донело Законот за помилување од 2016 година. Ставот на подносителите дополнително е поткрепен со фактот што и првостепениот и апелациониот суд во предметот на првиот подносител утврдиле дека неговото кривично гонење станало дозволено токму поради поништувањето на помилувањето (види параграфи 22, 24 и 26 погоре). И во други предмети домашните судови утврдиле дека помилувањата биле важечки сè до нивното поништување (види *Taleski and Others*, цитиран погоре, §§ 18-20). Оттука произлегува дека Собранието и барем дел од домашните судови сметале дека формалното поништување на помилувањата претставувало неопходен предуслов за кривичното гонење да стане правно возможно.

114. Судот повторува дека неговата задача, согласно член 19 од Конвенцијата, е да обезбеди почитување на обврските што државите договорнички ги презеле со Конвенцијата. Особено, негова задача не е да постапува како инстанца што ќе ги исправува наводните фактички или правни грешки на националните судови, освен доколку и во мера во која тие можеби довеле до повреда на права и слободи заштитени со Конвенцијата (види, меѓу многу други, *Khan v. the United Kingdom*, бр. 35394/97, § 34, ЕСЧП 2000-V, и *Pacifico v. Italy* (одл.), бр. 17995/08, § 62, 20 ноември 2012 година). Имајќи ги предвид различните ставови на домашно ниво, особено меѓу Собранието и Врховниот суд, Судот не смета дека е неопходно да го разреши спорот меѓу страните во однос

на толкувањето на домашното право опишано погоре (види, *mutatis mutandis* и во контекст на член 1 од Протокол бр. 1, *Valle Pierimpiè Società Agricola S.p.a. v. Italy*, бр. 46154/11, §§ 44-45, 23 септември 2014 година). Дури и ако се претпостави дека Законот за помилување од 2016 година влијаел врз исходот на кривичните постапки против подносителите - преку овозможување поништување на претходно неотповикливи помилувања и продолжување на постапки кои инаку би биле запрени - Судот смета дека, во околностите на конкретниот случај, законодавната интервенција се темелела на убедливи причини од општ интерес (види ја судската пракса цитирана во параграф 108 погоре), од причините што следуваат.

115. Владата тврдеше дека одлуките за поништување донесени врз основа на Законот за помилување од 2016 година биле засновани на убедливи причини од општ интерес, бидејќи помилувањата - доделени *ultra vires* - ослободиле од кривично гонење сериозни системски неправилности, со што било поткопано владеењето на правото (види став 100 погоре). Судот ќе ја оцени убедливоста на наведените причини како целина (види ставови од 116 до 118 подолу), имајќи ги предвид следните елементи: начинот и времето на донесување на законодавната интервенција и нејзината предвидливост (види став 119 подолу), опсегот на законодавството (види ставови 120-121 подолу) и неговите ефекти (види став 122 подолу; спореди *Vegotex International S.A.*, цитиран погоре, § 108).

116. Судот повторува дека отстапување од начелото на правна сигурност може да биде оправдано кога е наметнато од околности од суштински и убедлив карактер, како што се корекција на фундаментални недостатоци или спречување на судска неправда. Овие поими, меѓутоа, не можат да се дефинираат прецизно; Судот во секој поединечен случај мора да оцени до кој степен отстапувањето од начелото на правна сигурност е оправдано (види *Guðmundur Andri Ástráðsson*, цитиран погоре, § 238; види исто така *Moreira Ferreira v. Portugal* (бр. 2) [ГЦ], бр. 19867/12, § 62, 11 јули 2017 година).

117. Врховниот суд, по обемна анализа, утврдил дека помилувањата биле издадени без правна основа, бидејќи биле усвоени врз основа на член 11 од Законот за помилување од 1993 година, одредба која во релевантното време повеќе не била дел од домашниот правен поредок (види ставови 28 и 49 погоре). Судот констатира дека оваа одредба била укината со Законот за помилување од 2009 година (види став 57 погоре). На 16 март 2016 година Уставниот суд го укинал Законот за помилување од 2009 година како неуставен (види став 58 погоре). Врховниот суд утврдил дека одлуката на Уставниот суд не значела автоматско оживување на член 11 од Законот од 1993 година, потпирајќи се на воспоставената уставно-судска практика според која Уставниот суд нема надлежност да враќа во сила претходно укинати

законски одредби (види став 69 погоре), како и на ставот на Законодавната комисија на Собранието во истата насока (види став 59 погоре). Судот не гледа причина да ги доведе во прашање согледувањата на Врховниот суд (види став 114 погоре). Затоа смета дека помилувањата, бидејќи биле засновани на одредба која во релевантниот момент повеќе не постоела во домашниот правен поредок, биле оптоварени со фундаментален недостаток што може да оправда отстапување од начелото на правна сигурност.

118. Во однос на начелото на владеење на правото, на кое се повикуваат и подносителите и Владата во поддршка на своите спротивставени аргументи (види ставови 90 и 100 погоре), Судот забележува дека во конкретниот случај постои тензија помеѓу два негови елементи: правната сигурност, од една страна, и отчетноста и еднаквоста пред законот, од друга страна. Во однос на вториот елемент, Судот повторува дека справувањето со неказнивоста е суштинско за заштита на владеењето на правото (види *mutatis mutandis*, *El-Masri v. the former Yugoslav Republic of Macedonia* [ГЦ], бр. 39630/09, § 192, ЕСЧП 2012, и *mutatis mutandis*, *G.I.E.M. S.r.l. and Others v. Italy* [ГЦ], бр. 1828/06 и 2 други, § 260, 28 јуни 2018 година). Значајно е што законодавецот, со донесувањето на Законот за помилување од 2016 година, настојувал да го зајакне владеењето на правото преку обезбедување дека јавни функционери, вклучително и лица на највисоки позиции, кои биле ослободени од кривично гонење со одлука на Претседателот без валидна правна основа, ќе бидат изведени пред лицето на правдата. Судот затоа смета дека, во конкретниот случај, потребата за обезбедување отчетност на јавните функционери и спречување нивно ставање над законот ја надминува потребата од заштита на правната сигурност.

119. Судот исто така му придава значење на фактот дека сомнежите во однос на валидноста на помилувањата се појавиле веднаш и дека брзо следеле повици за нивно поништување (види *Taleski and Others*, цитиран погоре, §§ 14-16). Поради тоа, било предвидливо дека ќе бидат преземени мерки за нивно поништување. Важно е да се истакне дека законодавната интервенција била донесена по обемна јавна расправа и обид за изнаоѓање балансирано решение. Законот за помилување од 2016 година бил донесен помалку од шест недели по издавањето на помилувањата, а поништувањата следеле една недела подоцна (види ставови 13, 16, 34, На 18 мај 2016 година вториот и третиот подносител поднеле претставка до Советот на јавни обвинители. Тие навеле дека побарале од СЈО да ја прекине истражната постапка поради претседателските помилувања кои им биле доделени, но не добиле никаков одговор. Тие понатаму се пожалиле дека со тоа што не ја прекинало истражната постапка СЈО го

прекршило член 304 од Законот за кривична постапка (види параграф 66 подолу).

36 и 60 погоре; види исто така *Taleski and Others*, § 17). Во тој период кривичните постапки против подносителите сè уште биле во тек. Од страна на истражните органи или судовите не била донесена ниту една одлука за нивно запирање. Затоа, во краткиот период пред нивното поништување, претседателските помилувања не добиле никакво практично правно дејство преку судска одлука, ниту пак со сила на *res judicata* (спореди *Vegotex International S.A.*, §§ 113 и 121).

120. Во однос на тврдењето на подносителите дека Законот од 2016 година бил насочен против конкретни лица, Судот веќе утврдил дека законите што се однесуваат на одредени поединци се спротивни на владеењето на правото (види *Selahattin Demirtaş v. Turkey* (бр. 2) [ГЦ], § 269, 22 декември 2020 година, и *Grzęda v. Poland* [ГЦ], § 299, 15 март 2022 година). Сепак, во одредени исклучителни ситуации Судот бил подготвен да прифати, иако имплицитно, постоење на специјални закони со кои се утврдуваат конкретни услови што се применуваат на едно или повеќе именувани лица (види *Vistiņš and Perepjolkins v. Latvia* [ГЦ], § 99, 25 октомври 2012 година, со понатамошни упатувања). Во предметот *Vegotex International S.A.* (цитиран погоре, § 103), на пример, Судот утврдил дека законодавна интервенција која се однесувала на „релативно мал број случаи“ не претставувала повреда на член 6 § 1.

121. Во конкретниот случај, главната цел на Законот за помилување од 2016 година била да овозможи поништување на претседателски помилувања во одредени ситуации (види ставови 60 и 61 погоре). Една од тие ситуации се однесувала на помилувања дадени без претходна постапка за помилување, кои без образложение можеле да бидат прогласени за ништовни во рок од 30 дена од неговото донесување. Со оглед на многу ограниченият број помилувања дадени без претходна постапка (види ставови 70-72 погоре), оваа одредба од Законот од 2016 година се однесувала на мал и лесно идентификуван круг случаи и очигледно била насочена кон помилувањата доделени на 12 април 2016 година на 56 лица, меѓу кои и подносителите (види *Taleski and Others*, § 12; види исто така став 7 погоре). Судот ја зема предвид исклучителната природа на ситуацијата создадена со одлуката на тогашниот Претседател да додели помилувања на јавни функционери, вклучително и високи функционери од неговата политичка партија, без валидна правна основа (види ги пресудите на Врховниот суд, ставови 28 и 49 погоре) и со тоа спротивно на владеењето на правото. Сериозноста на ситуацијата и политичката криза што следела го оправдувале донесувањето на исклучителни мерки во форма на законодавство насочено кон мал круг лица кои инаку би имале корист од незаконски помилувања, со цел да се врати владеењето на правото.

122. Во однос на ефектите од спорната законска интервенција, Судот забележува дека помилувањата никогаш не добиле практично дејство, бидејќи кривичните постапки не биле запрени (види став 119 погоре). Затоа, законодавната интервенција не довела до повторно отворање на постапки кои претходно биле завршени со правосилна одлука. Понатаму, важно е да се истакне дека Законот од 2016 година немал влијание врз суштинското утврдување на кривичната одговорност, бидејќи не ја менувал правната основа за кривичните дела што им се ставале на товар на подносителите ниту применливите санкции. Следствено, тој не влијаел врз судската оценка на случајот во суштинска смисла (спореди *Chim and Przywieczerski v. Poland*, § 204, 12 април 2018 година).

123. На крај, Судот забележува дека овој предмет се разликува од *Lexa v. Slovakia* (бр. 54334/00, 23 септември 2008 година), кој се однесувал на законитоста на притворот според член 5 § 1 од Конвенцијата, а не на законодавна интервенција во тек на постапка според член 6 § 1. Оттука, единственото прашање пред Судот било дали притворот на подносителот бил во согласност со законски пропишаната постапка, при што не се поставиле прашања поврзани со законодавна интервенција во тек на постапки. Во предметот *Lexa*, Судот утврдил дека притворот на подносителот, по прекинувањето на кривичната постапка против него со правосилно дејство по одлука со која му била доделена амнестија, не бил дозволен според домашното право. Бидејќи одлуката на вршителот на должноста Претседател за поништување на амнестијата немала никаква правна основа, како што било потврдено од домашните судови, таа не можела да претставува законска основа за кривичното гонење и поврзаниот притвор на подносителот (види *Lexa*, цитиран погоре, §§ 127-142). Покрај различните правни прашања што се испитуваат според членовите 5 и 6, фактите на двата предмети се разликуваат и во неколку клучни аспекти. Во *Lexa*, одлуката за амнестија била јасно законита, додека нејзиното подоцнежно поништување било очигледно незаконско според домашното право, што е спротивно на состојбата во овој предмет. Понатаму, за разлика од овој предмет, кривичната постапка против подносителот во *Lexa* била повторно продолжена по нејзиното претходно завршување со правосилно дејство. Судот затоа смета дека неговите наоди во *Lexa* не се релевантни за овој предмет.

124. Имајќи ги предвид специфичните околности на овој предмет, Судот утврдува дека законодавната интервенција била оправдана врз основа на убедливи причини од општ интерес и, соодветно, не може да се смета дека ги повредила начелата на правна сигурност или владеење на правото.

125. Со оглед на ова согледување, Судот не смета дека е неопходно да испитува дали подносителите се откажале од своето право на

правично судење како резултат на барањето за поништување на помилувањето (првиот подносител - види став 14 погоре) или со признавање на вина (вториот и третиот подносител - види став 41 погоре).

126. Следствено, не е утврдена повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата во однос на законодавната интервенција со која се овозможило поништување на претседателските помилувања доделени на сите три подносители и продолжување на кривичните постапки против нив.

II. НАВОДНА ПОВРЕДА НА ЧЛЕН 6 § 1 ОД КОНВЕНЦИЈАТА ВО ОДНОС НА ПРАВОТО НА НЕЗАВИСЕН И НЕПРИСТРАСЕН СУД

127. Подносителите се пожалиле на повреда на нивното право на независен и непристрасен суд, согласно член 6 § 1 од Конвенцијата, поради учеството на судијката М.Л.Т. во советот на Врховниот суд, и покрај тоа што таа претходно давала јавни изјави поврзани со нивните предмети (види ставови од 7 до 10погоре).

A. Излагања на странките во однос на допуштеноста

1. Приговор на Владата за неисцрпување на домашните правни средства

128. Владата тврдела дека подносителите не ги исцрпиле достапните домашни правни средства. Таа доставила примерок од годишните работни распореди на Врховниот суд за 2023 и 2024 година (објавени на неговата официјална веб-страница), од кои произлегува дека судијката М.Л.Т. била една од петте членови на неговиот Кривичен оддел (види став 11 погоре). Со оглед на тоа што барањата за вонредно преиспитување на правосилна пресуда се разгледуваат од совети составени од пет судии (види став 73 погоре) и дека судиите се заменуваат само во ретки случаи, адвокатите на подносителите требало да бидат свесни дека судијката М.Л.Т. речиси сигурно ќе биде член на советот што ќе ги разгледува предметите на нивните клиенти. Владата исто така доставила примероци од пресуди со кои се покажало дека, во периодот меѓу 2020 и 2023 година, адвокатите на подносителите во неколку наврати настапувале како правни застапници во постапки за вонредно преиспитување пред Врховниот суд. Пресудите во тие постапки биле донесени од петчлен кривичен совет, составен во согласност со годишните работни распореди на судот, кој се состоел од истите судии што подоцна ги донеле пресудите во предметите на подносителите. Со оглед дека адвокатите на подносителите знаеле дека судијката М.Л.Т. речиси сигурно ќе биде

член на советот што ќе ги разгледува предметите на подносителите, тие требало да побараат нејзино изземање согласно член 35 во врска со член 33(2) од Законот за кривична постапка (види ставови 74 и 76 погоре). Алтернативно, тие требало да го покренат прашањето за наводната пристрасност на советот додека предметот сè уште бил во тек пред Врховниот суд. Владата исто така доставила документарни докази со кои покажува дека, спротивно на тврдењата на подносителите (види став 130 *in fine* подолу), дека Врховниот суд на 8 април 2025 година - а писмото било доставено на 14 април - одговорил на барањето на адвокатите за информации во врска со составот на советот во неповрзан предмет. Поради тоа, постоеле доволно можности странките да го утврдат составот на советот што ќе ги разгледува нивните предмети, било пред поднесување на барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда, било во краток рок за време на постапката пред Врховниот суд.

129. Владата навела дека согласно член 35(3) и по основите утврдени во член 33(1) и (2) од Законот за кривична постапка (види ставови 74 и 76 погоре), странките во постапките имаат право да бараат изземање на судии од повисоките судови, вклучително и судии на Врховниот суд. Иако член 35 се однесува само на жалбената постапка, барања за изземање се дозволени и во постапките за вонредно преиспитување пред Врховниот суд преку аналогна примена. Во прилог на ефикасноста на ова правно средство, Владата се повикала на одлука во која барањето на обвинетиот во кривичен предмет за изземање на судија на Врховниот суд од постапка за вонредно преиспитување - врз основа на тоа дека судијата бил роднина на жртвата - било уважено согласно член 33(1) од Законот за кривична постапка. Таа исто така доставила примерок од Годишниот извештај на Врховниот суд за 2023 година, во кој се наведува дека во таа година биле поднесени осум барања за изземање на судии на Врховниот суд и дека во истиот период биле поднесени 194 барања за изземање од самите судии на Врховниот суд. Понатаму, доставила копии од три одлуки на Врховниот суд со кои се покажува дека барања за изземање поднесени од судии на Врховниот суд биле уважени согласно член 33(2) од Законот за кривична постапка. Владата признала дека во практиката на Врховниот суд немало случаи во кои странка побарала изземање врз основа на член 33(2) од Законот за кривична постапка. Сепак, тврделе дека тоа не ја негира достапноста на вакво правно средство според домашното право, бидејќи член 35(3) од Законот за кривична постапка - кој се однесува на правото на странките да бараат изземање на судија во повисоките судови, вклучително и Врховниот суд - не прави разлика помеѓу основите утврдени во член 33(1) и оние од член 33(2). Затоа било во интерес на подносителите да се обратат до надлежниот домашен орган, со што би му се дала можност да го развие

постојното право преку своите толкувачки овластувања (во оваа насока Владата се повикала на *Delijorgji v. Albania*, бр. 6858/11, § 58, 28 април 2015 година, со понатамошни упатувања).

2. Одговор од страна на подносителите на приговорот на Владата

130. Подносителите навеле дека не знаеле, ниту можеле да знаат, каков ќе биде составот на судскиот совет на Врховниот суд што ќе ги разгледува нивните предмети. Според домашното право, Врховниот суд не бил должен да ги извести странките за составот на советот што разгледува барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда. Бидејќи постапките пред Врховниот суд се воделе писмено, тие не можеле да го утврдат составот на советот ниту за време на расправата. Врховниот суд игнорирал барања за информации во врска со личниот состав на советот во предмети што се воделе пред него. Подносителите доставиле примерок од едно такво барање, испратено на 21 март 2025 година од еден од нивните адвокати во неповрзан предмет. До 11 април 2025 година не добиле никаков одговор.

131. Подносителите исто така навеле дека вообичаено не се очекува од странките во судска постапка да го утврдуваат составот на Врховниот суд преку пребарување на интернет и консултирање на неговиот годишен работен распоред, кој бил предмет на ад хок измени. Ова особено важело за првиот и вториот подносител, кои во релевантниот период биле во затвор без пристап до интернет. Ниту од нивните адвокати не можело разумно да се очекува да преземат такви чекори, бидејќи нивната единствена задача во таа фаза била да го подготват и поднесат барањето за вонредно преиспитување до Врховниот суд. Во секој случај, подносителите не можеле да бидат сигурни дали судијката М.Л.Т. ќе биде член на советот, со оглед на воспоставената практика судии од Граѓанскиот оддел често да ги заменуваат судиите од Кривичниот оддел кога овие биле отсутни поради болест, годишен одмор, изземање, студиски посети или други причини. Годишниот извештај на Врховниот суд за 2023 година (види став 129 погоре) покажувал дека девет судии постапувале во кривични предмети таа година: пет од Кривичниот оддел и четири од Граѓанскиот оддел.

132. Подносителите понатаму навеле дека од член 35 од Законот за кривична постапка (види став 76 погоре) јасно произлегува дека барање за изземање на судија врз основа на основите утврдени во член 33(2) - единствената релевантна одредба за нив - мора да биде поднесено пред почетокот на судската расправа. Откако расправата ќе започне, се дозволуваат само барања засновани на основите од член 33(1), кои не биле применливи во нивниот случај. Член 35 исто така ја уредува постапката за изземање во жалбена постапка, но не

предвидува таква постапка во постапка за вонредно преиспитување пред Врховниот суд. Одлуката на која се повикала Владата (види став 129 погоре) се однесувала на изземање согласно член 33(1) и затоа била ирелевантна за нивната ситуација, која спаѓала под член 33(2). Годишниот извештај на Врховниот суд за 2023 година (види став 129 погоре) не содржел информации за основите на кои биле засновани барањата за изземање.

133. Подносителите заклучиле дека, имајќи ги предвид особеностите на домашниот правен систем опишани погоре, од странка во постапка не може разумно да се очекува да поднесе барање за изземање. Тие тврделе дека судија за кој постои легитимна причина да се сомнева во неговата непристрасност треба да биде должен сам да се повлече од предметот, но дека домашното право не предвидувало таква обврска во ситуации што потпаѓаат под член 33(2) од Законот за кривична постапка.

Б. Оцена на судот

3. Општи начела

134. Општите начела во однос на исцрпување на домашните правни средства се сумирани во предметот *Communauté genevoise d'action syndicale (CGAS) v. Switzerland* [ГЦ], бр. 21881/20, §§ 138-145, 27 ноември 2023 година. Судот повторува, особено, дека обврската за исцрпување на домашните правни средства бара од подносителите да ги искористат вообичаените правни средства кои се достапни и доволни во однос на нивните жалбени наводи според Конвенцијата. Постоењето на тие правни средства мора да биде доволно сигурно не само во теорија, туку и во пракса, во спротивно тие нема да ги исполнуваат условите за достапност и ефективност. Сепак, постоењето на само сомнежи во однос на изгледите за успех на одредено правно средство кое очигледно не е беспредметно не претставува валидна причина за негово неисцрпување. Напротив, во интерес на подносителот е да се обрати до надлежниот суд и да му се даде можност да ги развие постојните права преку своите толкувачки овластувања (види *Ciupercescu v. Romania*, бр. 35555/03, § 169, 15 јуни 2010 година; *Delijorgji*, цитиран погоре, § 58; и *Janakieski v. North Macedonia*, бр. 57325/19 и 16291/20, § 54, 14 ноември 2023 година).

135. Судот повторува дека кога домашното право предвидува можност да се отстранат сомнежите во однос на непристрасноста на суд или судија, се очекува подносителот кој навистина смета дека постојат аргументирани сомнежи по таа основа да ги истакне во најраната фаза. Ова, пред сè, овозможува домашните органи навремено да ги разгледаат жалбите и да обезбедат дека правата на странките се почитуваат. На пример, кога нема понатамошно правно средство затоа

што наводната повреда на член 6 § 1 се однесува на недостаток на непристрасност на највисоката судска инстанца во домашниот правен систем, Судот има утврдено дека начелото на супсидијарност може да бара посебна внимателност од подносителот при исполнување на обврската за исцрпување на домашните правни средства. Во такви случаи, превентивните правни средства имаат особена важност. Секако, овие размислувања се применуваат само доколку подносителот знаел или можел да знае за составот на судот во прашање (види *NDI SOPOT S.A. v. North Macedonia*, бр. 6035/17, § 89, 26 ноември 2024 година, со понатамошни упатувања, и *Pirtskhalava and Y v. Georgia* (одлука), бр. 11025/22 и 11032/22, § 59, 4 ноември 2025 година).

4. Примена на овие начела во конкретниот случај

136. Судот најнапред забележува дека, според домашното право, судиите се должни веднаш да се изземат кога ќе дознаат за постоење на некоја од основите од член 33(1) од Законот за кривична постапка (види став 75 погоре). Таква обврска не постои во однос на основите од член 33(2) - одредбата релевантна за подносителите. Затоа било на подносителите да ги изнесат своите аргументирани сомнежи во врска со наводниот недостаток на непристрасност на судијката М.Л.Т. со тоа што ќе побараат нејзино изземање од предметот (спореди и но, направи разлика од предметот *Škrlj v. Croatia*, бр. 32953/13, §§ 43-45, 11 јули 2019 година, со понатамошни упатувања).

137. Судот понатаму ќе испита дали барањето за изземање на судија на Врховниот суд по основ на недостаток на непристрасност претставувало ефикасно правно средство што требало да се исцрпи за целите на член 35 § 1 од Конвенцијата.

138. Член 35 од Законот за кривична постапка ја уредува постапката за изземање судии (види став 76 погоре). Подносителите не ја оспориле општата ефикасност на тоа правно средство, но тврделе дека постапката не се применувала во постапки за вонредно преиспитување пред Врховниот суд, бидејќи член 35, иако изречно се однесува на жалбената постапка, не содржи упатување на постапките за вонредно преиспитување (види став 132 погоре). Владата доставила докази со кои се покажува дека барањата за изземање судии на Врховниот суд редовно се разгледувале од страна на претседателот на Врховниот суд (види став 129 погоре; види исто така член 36 од Законот за кривична постапка, сумиран во став 77 погоре, кој се однесува на постапката за изземање на претседателот на Врховниот суд). Затоа нема основ за сомневање дека не било можно да се поднесе барање за изземање на судија на Врховниот суд во постапка за вонредно преиспитување.

139. Во однос на аргументот на подносителите дека барање за изземање судија на Врховниот суд во постапка за вонредно

преиспитување можело да се поднесе само врз основа на член 33(1) од Законот за кривична постапка, а не и врз основа на член 33(2) - одредбата релевантна за нивните предмети (види став 132 погоре) - Судот забележува дека Владата признала дека во практиката на Врховниот суд немало случаи во кои странка побарала изземање врз основа на член 33(2). Сепак, таа доставила примери на барања за изземање судии на Врховниот суд кои биле уважени согласно таа одредба (види став 129 погоре), што покажува дека член 33(2) бил применлив и во постапките пред Врховниот суд. Подносителите не изнеле убедливи аргументи со кои би покажале дека постојат правни пречки за поднесување барање за изземање судија на Врховниот суд врз основа на член 33(2). Иако Судот не може да шпекулира за изгледите за успех во отсуство на примери за успешно поднесени барања за изземање, фактот што такво барање не било поднесено значи дека не било можно да се тестира ефикасноста на едно навидум достапно и соодветно правно средство, кое, дополнително, било успешно користено за изземања врз основа на член 33(1). Судот смета дека, во овие околности, подносителите требало барем да се обидат со тоа правно средство и да им дадат можност на домашните органи да ги исправат евентуалните неправилности во сопствениот правен систем (спореди *Ugulava v. Georgia* (бр. 2), бр. 22431/20, §§ 40 и 41, 1 февруари 2024 година, и *Mansouri v. Italy* (одлука) [ГЦ], бр. 63386/16, §§ 99, 105 и 106, 29 април 2025 година; види, спротивно, *Guðmundur Gunnarsson and Magnús Davíð Norðdahl v. Iceland*, бр. 24159/22 и 25751/22, § 48, 16 април 2024 година).

140. Судот исто така забележува дека претходно има утврдено дека во Северна Македонија барањето за изземање судија не претставува ефикасно правно средство кога подносителот нема реална можност да дознае дека судијата, во однос на кој постојат сомнежи за непристрасност, ќе биде член на судскиот совет што ќе го разгледува неговиот предмет (види *Stoimenovikj and Miloshevikj v. North Macedonia*, бр. 59842/14, § 30, 25 март 2021 година, и *NDI SOPOT S.A.*, цитиран погоре, § 90). Затоа Судот мора да испита дали подносителите знаеле или можеле да знаат дека судијката М.Л.Т. ќе биде член на советот на Врховниот суд што ќе ги разгледува нивните предмети.

141. Несомнено е дека подносителите не биле информирани за составот на петчлениот состав на Врховниот суд кој ги разгледувал нивните соодветни предмети сè додека не им биле доставени конечните пресуди. Владата тврдела дека подносителите сепак требало да бидат свесни дека судијката М.Л.Т. речиси сигурно ќе биде член на составот (види став 128 погоре). Затоа, Судот треба да утврди дали, имајќи предвид дека постапките во конкретниот случај биле пред суд од последна инстанца, подносителите требало да покажат посебна длабинска внимателност, во околностите на случајот, при исполнување

на обврската за исцрпување на домашните правни лекови (види цитирана судска практика во став 135 погоре; види исто така *Pirtskhalava and Y*, цитирано погоре, § 61).

142. Подносителите не оспориле дека биле запознаени со околностите кои наводно ја доведувале во прашање непристрасноста на судијката М.Л.Т. во моментот кога поднеле барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда пред Врховниот суд (види ставови 7, 10, 27 и 47 погоре; спореди *Sigríður Elín Sigfúsdóttir v. Iceland*, бр. 41382/17, § 35, 25 февруари 2020 година).

143. Судот понатаму констатира дека, во релевантното време, Кривичниот оддел на Врховниот суд бил составен од пет судии, меѓу кои и судијката М.Л.Т. Оваа информација била објавена на официјалната веб-страница на Врховниот суд и затоа била јавно достапна (види став 11 погоре). Со оглед на тоа што барањата за вонредно преиспитување на правосилна пресуда се разгледувале од петчлени судски состави (види став 73 погоре), постоела висока веројатност дека судијката М.Л.Т. ќе биде член на составот кој ги разгледува предметите на подносителите. Всушност, расположливите материјали укажуваат дека петчлен состав на Врховниот суд во кој учествувала судијката М.Л.Т. веќе одлучувал во други предмети поврзани со адвокатите на подносителите (види став 128 погоре), поради што тие биле свесни за високата веројатност за нејзино учество во составите што постапувале во кривични предмети. Материјалите доставени од странките исто така укажуваат дека постоела можност да се испрати барање за информации во врска со составот на судскиот совет кој го разгледува предметот (види став 128 погоре).

144. Судот затоа е убеден во аргументот на Владата дека постоеле доволно достапни можности подносителите да се информираат за составот на судскиот состав кој ќе ги разгледува нивните предмети. Подносителите - кои, имајќи предвид дека постапките биле пред суд од последна инстанца и се воделе писмено, биле должни да покажат посебна длабинска внимателност при исполнување на обврската за исцрпување на домашните правни лекови - не дале убедливо објаснување за тоа зошто не побарале информации за составот на судскиот состав, и покрај тоа што изразиле сомнежи во однос на непристрасноста на судијката М.Л.Т.

145. Судот забележува дека овој предмет е сличен на предметот *Pirtskhalava and Y* (цитиран погоре, §§ 60-66). Како и во тој предмет, неактивноста на подносителите во однос на нивните сомнежи за потенцијалното учество на судијката М.Л.Т. во судските состави не може да се смета за оправдана во околностите на конкретниот случај. Доколку постапувале со длабинска внимателност, тие можеле да знаат дека судијката М.Л.Т. ќе биде член на составот на Врховниот суд кој ќе ги разгледува нивните предмети.

146. Во светло на горенаведеното, Судот утврдува дека подносителите не покажале посебна длабинска внимателност што се очекувала од нив, во околностите на случајот, при исполнување на обврската за исцрпување на домашните правни лекови.

147. Следствено, приговорот на Владата треба да се прифати и оваа жалба треба да биде прогласена за недопуштена поради неисцрпување на домашните правни лекови, согласно член 35 §§ 1 и 4 од Конвенцијата.

III. НАВОДНА ПОВРЕДА НА ЧЛЕН 6 § 1 ОД КОНВЕНЦИЈАТА ВО ОДНОС НА ПРАВОТО НА КОНТРАДИКТОРНА ПОСТАПКА (АПЛИКАЦИЈА БР. 7877/24)

148. Повикувајќи се на член 6 § 1 од Конвенцијата, вториот и третиот подносител се пожалиле дека кривичната постапка против нив била неправична, бидејќи не им бил доставен примерок од поднесоците на повисокиот јавен обвинител во постапката пред Апелациониот суд.

A. Допуштеност

149. Владата истакнала дека третиот подносител во неговото барање за вонредно преиспитување пред Врховниот суд не го поставил прашањето за недоставување на примерок од жалбените наводи на повисокиот јавен обвинител. Фактот дека неговиот сообвинет го поставил тоа прашање во сопственото барање (види став 47 *in fine* погоре) не може да го ослободи третиот подносител (кој бил застапуван од адвокат) од обврската соодветно да ги исцрпи домашните правни лекови преку поднесување конкретни жалбени наводи пред домашните судови. Соодветно на тоа, тој не ги исцрпил домашните правни лекови.

150. Подносителите навеле дека, имајќи предвид дека вториот подносител пред Врховниот суд веќе поднел жалбен навод дека постапката не била контрадикторна по својата природа, највисокиот суд бил ставен во можност да се произнесе по тоа прашање. Неподнесувањето на истиот жалбен навод од страна на третиот подносител, заснован на истите факти, не би влијаело врз исходот, бидејќи судот би применил исто образложение и кон него како што го применил кон вториот подносител.

151. Судот не гледа причина да смета дека Врховниот суд би донел поинаква одлука доколку третиот подносител, чија положба е споредлива со онаа на вториот подносител, исто така пред Врховниот суд поднел жалбен навод во врска со недоставувањето на примерок од поднесоците на повисокиот јавен обвинител, кој веќе бил истакнат од

вториот подносител. Затоа, Судот смета дека, во конкретните околности на случајот, фактот што третиот подносител не го истакнал тој жалбен навод пред Врховниот суд не може да се смета за негово неисцрпување на домашните правни лекови (види, *mutatis mutandis*, *Laska and Lika v. Albania*, бр. 12315/04 и 17605/04, §§ 46-48, 20 април 2010 година; *Vasilkoski and Others v. the former Yugoslav Republic of Macedonia*, бр. 28169/08, § 46, 28 октомври 2010 година; и *Elmazova and Others v. North Macedonia*, бр. 11811/20 и 13550/20, § 63, 13 декември 2022 година; спореди *Saghinadze and Others v. Georgia*, бр. 18768/05, §§ 81-84, 27 мај 2010 година, каде што правните положби на подносителите се разликувале на начин што можел да влијае врз исходот на постапката за секој од нив).

152. Судот понатаму забележува дека, според домашното право, доколку Врховниот суд утврдил дека недоставувањето на поднесоците на вишиот јавен обвинител претставува повреда на правата на вториот подносител, тој би донел ист заклучок и во однос на третиот подносител, иако тој не го истакнал тој аргумент (види член 459(2) од Законот за кривична постапка, сумиран во став 87 погоре).

153. Следствено на тоа, Судот го одбива приговорот на Владата.

154. Судот понатаму забележува дека оваа жалба не е очигледно неоснована ниту недопуштена по која било друга основа наведена во член 35 од Конвенцијата. Затоа таа мора да биде прогласена за допуштена.

Б. Основаност

1. Поднесоци на странките

(а) Владата

155. Владата навела дека, и покрај тоа што писмените поднесоци на вишиот јавен обвинител не им биле доставени на адвокатите на вториот и третиот подносител (види став 44 погоре), постапката сепак останала контрадикторна од следните причини. Вишиот јавен обвинител ги изложил своите писмени поднесоци на жалбената расправа, на која присуствувал вториот подносител заедно со неговите адвокати и адвокатите на третиот подносител (види став 45 погоре). Третиот подносител бил уредно повикан на жалбената расправа, но одлучил да не присуствува. Оттука, на подносителите и на нивните полномошници им била дадена можност, за време на расправата, да ги слушнат поднесоците на вишиот јавен обвинител и да ги изнесат своите аргументи како одговор на нив. Според записникот од расправата, подносителите не истакнале никакви приговори ниту во однос на усните излагања на вишиот јавен обвинител ниту во однос на фактот што не им била доставен примерок од неговите писмени

поднесоци (види став 45 погоре). Тие, исто така, не побарале одлагање на расправата за да им се обезбеди дополнително време за да ги разгледаат поднесоците и да подготват одговор. Според тоа, овој предмет се разликува од предметите во кои подносителите немале претходно сознание за поднесоците на другата странка или за нивната содржина пред донесувањето на конечната пресуда и каде што, покрај тоа, иако била одржана јавна расправа, писмените поднесоци на обвинителот не биле презентирани на самата расправа (во таа насока Владата се повика на *Zahirović v. Croatia*, бр. 58590/11, 25 април 2013 година; *Bosak and Others v. Croatia*, бр. 40429/14 и 3 други, 6 јуни 2019 година; и *Bajić v. North Macedonia*, бр. 2833/13, 10 јуни 2021 година).

156. Владата понатаму наведе дека вишиот јавен обвинител само предложил жалбите на подносителите да бидат одбиени како неосновани, без да воведе нови докази или да изнесе правни аргументи различни од оние што веќе биле разгледани во првостепената постапка. Владата, исто така, тврдеше дека, за разлика од предметите *Bajić и Zahirović* (двата цитирани погоре), Апелациониот суд не им ги зголемил казните на подносителите, туку само ги потврдил нивните осудителни пресуди, при што дури и ја намалил казната на вториот подносител (види став 46 погоре). На крај, подносителите поднеле барања за вонредно преиспитување пред Врховниот суд (види став 47 погоре), во кои имале можност да одговорат на поднесоците на вишиот јавен обвинител (за разлика од предметот *Bajić*, цитиран погоре, кој се однесувал на поднесоци на обвинителот пред Врховниот суд како последна судска инстанца). Врховниот суд, исто така, внимателно го разгледал и го отфрлил аргументот дека недоставувањето на писмените жалбени поднесоци на вишиот јавен обвинител пред жалбената расправа претставувало повреда на начелото на контрадикторност (види став 49 погоре).

(б) Вториот и третиот подносител

157. Вториот и третиот подносител навеле дека им било ускратено правото на контрадикторна постапка бидејќи домашниот суд не им доставил примерок од поднесоците на вишиот јавен обвинител, со што биле спречени да подготват свои забелешки и аргументи за расправата пред Апелациониот суд. Самото присуство на расправата не било доволно за исполнување на начелото на контрадикторност, бидејќи тие не можеле ефикасно да се бранат без претходно да бидат запознаени со содржината на поднесоците. Во одговор на аргументите на Владата во врска со содржината на поднесоците на вишиот јавен обвинител (види став 156 погоре), подносителите истакнаа дека одбраната е таа што треба да оцени дали одредени поднесоци бараат одговор (во таа насока тие се повикаа на предметот *Zahirović*, цитиран погоре). Врховниот суд не ја признал процесната грешка сторена од Апелациониот суд и не ја

отстранил повредата на начелото на контрадикторност. Намалувањето на казната на вториот подносител било минимално, додека осудителната пресуда во останатиот дел била потврдена.

2. Оцена на Судот

158. Релевантните начела во однос на еднаквоста на оружјата и правото на контрадикторна постапка во контекст на недоставување на поднесоци на обвинет во кривична постапка се сумирани во предметот *Zahirović* (цитиран погоре, §§ 42-43). Судот особено нагласува дека не е потребно да утврдува дали недоставувањето на релевантниот документ му предизвикало каква било штета на подносителот, бидејќи постоењето на повреда е можно дури и во отсуство на штета. Како што веќе повеќепати истакнал, на самиот подносител е да оцени дали одреден документ бара коментари од негова страна. Затоа, товарот е на домашниот суд да му овозможи на подносителот да се запознае со писмените поднесоци на обвинителството пред донесувањето на одлуката (види *Zahirović*, § 48, и *Bajić*, § 59, двата цитирани погоре).

159. Не е спорно меѓу странките дека вишиот јавен обвинител доставил поднесок до Апелациониот суд со кој предложил жалбите на подносителите да бидат одбиени како неосновани, како и дека тој поднесок не им бил доставен на полномошниците на вториот и третиот подносител (види став 44 погоре). Во оваа насока, Судот забележува дека домашното право не го уредува прашањето за доставување на поднесоците на вишиот јавен обвинител до одбраната во постапките пред Апелациониот суд (види став 86 погоре). Иако е точно дека домашното право не го спречувало Апелациониот суд да им ги достави поднесоците на вишиот јавен обвинител на подносителите и да им овозможи да дадат одговор, отсуството на изречна законска одредба што би го обврзувала судот да постапи така несомнено придонело за состојбата на која се жалат подносителите (види, *mutatis mutandis*, *Bajić*, цитиран погоре, § 57).

160. Владата тврдела дека начелото на контрадикторност сепак било почитувано, бидејќи вториот подносител, заедно со својот бранител и бранителот на третиот подносител, присуствувал на жалбената расправа на која вишиот јавен обвинител ги изложил своите поднесоци. Оттука, тие можеле веднаш да одговорат на тие поднесоци за време на расправата или да побараат нејзино одлагање, но тоа не го сториле (види ги аргументите на Владата сумирани во став 155 погоре). Судот веќе ги отфрлил сличните аргументи во предметот *Bosak and Others* (цитиран погоре, §§ 94-100). Особено, Судот утврдил дека условувањето на запознаеноста на одбраната со ставовите на обвинителството исклучиво од нејзиното присуство на жалбената расправа претставува несразмерен товар за одбраната и не обезбедува нужно реална можност да се изјасни за тие ставови. Со други зборови,

тоа не гарантира безусловно право на одбраната да биде запознаена со поднесоците на обвинителството во жалбената постапка и да даде коментари по нив (*ibid.,* § 100). Судот не гледа причина да дојде до поинаков заклучок во конкретниот случај.

161. На крај, Судот ќе го разгледа аргументот на Владата дека подносителите подоцна поднеле барања за вонредно преиспитување до Врховниот суд, во кои можеле да одговорат на поднесоците на вишиот јавен обвинител (види став 156 погоре). Судот забележува дека Врховниот суд одбил да ја укине оспорената пресуда и ги потврдил осудителните пресуди на вториот и третиот подносител (види став 49 погоре). Тој повторува дека прашањето што треба да се испита е дали во конкретниот случај на одбраната ѝ била обезбедена ефективна можност да се запознае со поднесоците на обвинителството и да даде коментари по нивната содржина во соодветна форма и во соодветен рок пред донесувањето на жалбената пресуда. Системот на кривична правда, меѓу другото, се темели на претпоставката дека обвинетите ќе имаат можност да се изјаснат за секој документ во списите на предметот што се однесува на нивната жалба против првостепената пресуда (види, *mutatis mutandis*, *Bosak and Others*, цитиран погоре, § 97), а правото на одбраната да биде запознаена со поднесоците на обвинителството и да даде коментари по нив е безусловно (*ibid.,* § 100). Навистина, постоењето на повреда е можно дури и во отсуство на штета (види ја судската практика наведена во став 158 погоре). Во секој случај, дури и ако се претпостави дека недоставувањето на поднесоците на обвинителството на обвинетиот може, начелно, да биде отстрането преку можноста истите прашања да се разгледуваат пред повисок суд (спореди *M.S. v. Finland*, бр. 46601/99, § 35, 22 март 2005 година, и *Köksoy v. Turkey*, бр. 31885/10, § 36, 13 октомври 2020 година, кои се однесуваат на недоставување на писмени докази; види исто така *Bacaksız v. Turkey*, бр. 24245/09, § 57, 10 декември 2019 година, кој се однесува на судење во отсуство односно *in absentia*), Судот мора да испита дали, имајќи го предвид опсегот на преиспитување од страна на Врховниот суд, сите прашања покренати во поднесоците на вишиот јавен обвинител навистина можеле повторно да бидат разгледани во постапката по вонредното преиспитување. Точно е дека во конкретниот случај вториот и третиот подносител не можеле да поднесат жалба поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба, бидејќи за време на судењето признале вина (види став 85 погоре). Оттука, нивните жалби се однесувале исклучиво на правни прашања. Затоа фактот што надлежноста на Врховниот суд не се протегала на фактички прашања е ирелевантен за овој предмет. Меѓутоа, во својот поднесок до Апелациониот суд вишиот јавен обвинител се осврнал, покрај другите правни прашања, и на прашањето за сразмерноста на изречените казни

(види став 44 погоре). Со оглед на тоа што надлежноста на Врховниот суд во однос на казнувањето била ограничена на испитување дали пониските судови ги пречекориле своите законски овластувања при одмерувањето на казната и не опфаќала оцена на сразмерноста на казните (види ставови 49 и 88 погоре), тоа прашање било конечно решено во жалбената постапка и не можело повторно да биде разгледано од Врховниот суд. Следствено на тоа, постапката по вонредното преиспитување не ги отстранила недостатоците на жалбената постапка во овој поглед. Оттука, единствениот можен начин за отстранување на недостатоците во жалбената постапка бил Врховниот суд да ја укине жалбената пресуда и предметот да го врати на повторно одлучување пред Апелациониот суд. Со тоа што не постапил така, Врховниот суд не ја отстранил повредата на правото на подносителите на контрадикторна постапка (спореди *Idalov v. Russia* [ГЦ], бр. 5826/03, § 180, 22 мај 2012 година, во однос на правото на учество на главната расправа пред првостепениот суд).

162. Наведеното е доволно Судот да заклучи дека постои повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата во однос на правото на вториот и третиот подносител на контрадикторна постапка.

IV. ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 41 ОД КОНВЕНЦИЈАТА (АПЛИКАЦИЈА БР. 7877/24)

163. Член 41 од Конвенцијата предвидува:

> „Ако Судот утврди дека постои повреда на Конвенцијата или на Протоколите кон неа и ако внатрешното право на засегнатата Висока договорна страна дозволува само делумно обесштетување, Судот, доколку е потребно, ќе му додели правично обесштетување на оштетеното лице.“

А. Штета

164. Вториот подносител побара 5.000 евра (EUR), а третиот подносител 4.000 евра (EUR) на име нематеријална штета која, според нив, произлегла од наводните повреди на нивното право на правично судење.

165. Владата наведе дека подносителите не доставиле докази за наводното страдање.

166. Судот им доделува на вториот и третиот подносител по 3.600 евра (EUR) на име нематеријална штета, плус сите даноци што евентуално би можеле да се наплатат на тие износи.

Б. Трошоци и расходи

167. Повикувајќи се на договор за адвокатски услуги, фактури и налози за плаќање, вториот подносител побара 370.000 македонски

денари (МКД) - приближно 6.000 евра за адвокатски трошоци направени во домашната првостепена постапка. Повикувајќи се на про-фактура, тој побара и 129.000 денари (2.095 евра) за адвокатски трошоци направени во постапката пред Судот. На крај, повикувајќи се на поштенски доставена фактура, тој побара 2.000 денари (32 евра) за поштенски трошоци.

168. Повикувајќи се на фактури, третиот подносител побара 259.576 македонски денари (МКД) - 4.220 евра за адвокатски трошоци направени во домашната првостепена постапка. Повикувајќи се на про-фактура, тој побара и 129.000 денари (2.095 евра) за адвокатски трошоци направени во постапката пред Судот. На крај, тој побара 2.000 денари (32 евра) за поштенски трошоци.

169. Владата навела дека, бидејќи подносителите не доставиле евиденција за работните часови на нивните адвокати, тие не докажале дека адвокатските трошоци направени пред домашните судови биле разумни според нивниот износ. Дел од фактурите доставени од вториот подносител не биле релевантни за овој предмет. Третиот подносител не доставил договор за адвокатски услуги ниту доказ за плаќање. Во секој случај, побараните адвокатски трошоци се однесувале на целокупната кривична постапка, која не е предмет на оценување од страна на Судот. Во однос на адвокатските трошоци направени во постапката пред Судот, подносителите не доставиле договори за адвокатски услуги ниту докази дека ги платиле побараните износи. Освен тоа, побараните износи биле значително повисоки од важечките адвокатски тарифи во домашното право и делумно се однесувале на наводи кои биле прогласени за недопуштени во фазата на комуницирање на предметот. Поштенски испратената фактура доставена од вториот подносител не покажувала дека е поврзана со конкретниот предмет.

170. Според судската практика на Судот, подносителот има право на надомест на трошоците и расходите само доколку се покаже дека тие навистина и нужно биле направени и дека се разумни според нивниот износ. Во конкретниот случај, имајќи ги предвид документите со кои располага и наведените критериуми, Судот смета дека е разумно на вториот и третиот подносител заеднички да им додели износ од 64 евра (EUR) за поштенски трошоци, плус сите даноци што евентуално би можеле да се наплатат на тој износ.

ОД ОВИЕ ПРИЧИНИ, СУДОТ

1. Едногласно *одлучува* да ги спои апликациите;

2. Едногласно ги *прогласува* за допуштени наводите што се однесуваат на законодавната интервенција која влијаела врз постапките што се однесуваат на сите тројца подносители и на правото на контрадикторна постапка на подносителите во апликацијата бр. 7877/24, а наводот што се однесува на правото на независен и непристрасен суд го прогласува за недопуштен;

3. Едногласно *утврдува* дека нема повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата поради законодавната интервенција со која било овозможено поништување на претседателските помилувања доделени на сите тројца подносители и продолжување на кривичните постапки против нив;

4. Со пет гласа наспроти два *утврдува* дека постои повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата во однос на правото на контрадикторна постапка поради недоставување на примерок од поднесокот на вишиот јавен обвинител до вториот подносител (апликација бр. 7877/24);

5. Едногласно *утврдува* дека постои повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата во однос на правото на контрадикторна постапка поради недоставување на примерок од поднесокот на вишиот јавен обвинител до третиот подносител (апликација бр. 7877/24);

6. Со пет гласа наспроти два, *утврдува*
   (а) дека, во апликацијата бр. 7877/24, тужената држава треба, во рок од три месеци од денот кога пресудата ќе стане конечна согласно член 44 § 2 од Конвенцијата, да ги исплати следните износи, кои ќе бидат конвертирани во валутата на тужената држава според курсот што важи на денот на исплатата:
      (i) 3.600 евра (три илјади и шестотини евра) на вториот подносител, плус сите даноци што евентуално би можеле да се наплатат, на име нематеријална штета;
      (ii) 64 евра (шеесет и четири евра) на вториот и третиот подносител заеднички, плус сите даноци што евентуално би можеле да се наплатат на нив, на име трошоци и расходи;
   (б) дека по истекот на наведениот рок од три месеци па сè до исплатата, на наведените износи ќе се пресметува проста камата по стапка еднаква на маргиналната кредитна стапка на Европската централна банка што важела во периодот на доцнење, зголемена за три процентни поени;

7. Едногласно *утврдува,*

(а) дека, во апликацијата бр. 7877/24, тужената држава треба, во рок од три месеци од денот кога пресудата ќе стане конечна согласно член 44 § 2 од Конвенцијата, да му исплати на третиот подносител 3.600 евра (три илјади и шестотини евра), плус сите даноци што евентуално би можеле да се наплатат, на име нематеријална штета, износ кој ќе биде конвертиран во валутата на тужената држава според курсот што важи на денот на исплатата;

(б) дека по истекот на наведениот рок од три месеци па сè до исплатата, на наведениот износ ќе се пресметува проста камата по стапка еднаква на маргиналната кредитна стапка на Европската централна банка што важела во периодот на доцнење, зголемена за три процентни поени;

8. Едногласно го *одбива* остатокот од барањата на подносителите за правично обесштетување.

Составено на англиски јазик и доставено во писмена форма на 23 јуни 2026 година, согласно Правило 77 §§ 2 и 3 од Деловникот на Судот.

Andrea Tamietti
Секретар

Arnfinn Bårdsen
Претседател

Во согласност со член 45 § 2 од Конвенцијата и Правилото 74 § 2 од Деловникот на Судот, кон оваа пресуда е приложено делумно издвоеното мислење на судијата Bårdsen, кон кое се приклучил судијата Pisani.

ДЕЛУМНО ИЗДВОЕНО НЕСОГЛАСУВАЧКО МИСЛЕЊЕ НА СУДИЈАТА BÅRDSEN, КОН КОЕ СЕ ПРИДРУЖУВА СУДИЈАТА PISANI

171. Се согласувам со мнозинството во сите аспекти, освен во однос на неговото утврдување дека постои повреда на член 6 § 1 од Конвенцијата во поглед на правото на контрадикторна постапка поради недоставувањето на примерок од поднесокот на вишиот јавен обвинител до вториот подносител (апликација бр. 7877/24). Во таа смисла упатувам на точките 4 и 6 од изреката на пресудата.

172. Овој предмет, во делот што се однесува на вториот подносител, може да се разликува од претходните споредливи предмети во кои Судот утврдил повреда на член 6 § 1, како што се *Bosak and Others v. Croatia* (бр. 40429/14 и уште 3 други, 6 јуни 2019 година) и *Bajić v. North Macedonia* (бр. 2833/13, 10 јуни 2021 година) - на кои се повика мнозинството - поради *кумулативното постоење* на следните околности.

173. Вториот подносител и неговиот бранител присуствувале на расправата пред Апелациониот суд (види став 45 од пресудата). Тие биле свесни дека вишиот јавен обвинител поднел писмен поднесок. Исто така, биле запознаени со содржината на тој поднесок, бидејќи обвинителот го изложил во нивно присуство на почетокот на расправата пред Апелациониот суд. Понатаму, на вториот подносител и на неговиот бранител им била дадена можност да се произнесат во однос на поднесокот. Тие избрале да не го сторат тоа. Исто така, не приговориле на фактот што писмениот поднесок не им бил доставен пред одржувањето на расправата. Дополнително, тие ниту пред Апелациониот суд тврделе дека поради тоа подносителот немал разумна можност да ја подготви својата одбрана, ниту побарале одлагање на расправата.

174. Во такви околности, и покрај тоа што несомнено би било пожелно обвинетиот однапред да добие пристап до секој писмен поднесок на вишиот јавен обвинител пред одржувањето на расправата, она што во крајна линија е одлучувачко според член 6 § 1 е дали обвинетиот во конкретниот случај имал правична можност да се брани. Во конкретниот предмет, јас не гледам причина да не се согласам со Врховниот суд (види став 49 од пресудата), кој утврдил дека на вториот подносител му била обезбедена таква правична можност да ја оствари својата одбрана пред Апелациониот суд, вклучително и во рамките на контрадикторна постапка.

ПРИЛОГ

Список на предмети:

Бр.	**Апликација бр.**	**Име на предметот**	**Поднесена на**	**Подносител Година на раѓање Место на живеење**	**Претставуван од**
1.	34261/23	Taleski v. North Macedonia (Талески против Северна Македонија)	30.08.2023 година	**Владимир ТАЛЕСКИ** 1959 година Прилеп	Влатко ИЛИЕВСКИ
2.	7877/24	Janakieski and Mitrovski v. North Macedonia (Јанакиески и Митровски против Северна Македонија)	18.03.2024 година	**Миле ЈАНАКИЕСКИ** 1978 година Скопје **Коста МИТРОВСКИ** 1983 година Струга	Влатко ИЛИЕВСКИ